СЛАВИСТИЧКИ СТУДИИ

25 (2)

ISSN 0352-3055
ISSN 2955-232X



Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Филолошки факултет „Блаже Конески“

СЛАВИСТИЧКИ СТУДИИ 25

ISSN 0352-3055 (печатена верзија)
ISSN 2955-232X (електронска верзија)

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје

СЛАВИСТИЧКИ СТУДИИ 25

Списание на Катедрата за славистика
при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ Скопје

ТОМ II

уредник на бр. 25

Јасминка Делова-Силјанова

Скопје, 2025

Издавач: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје

Уредник на издавачката дејност:
Владимир Мартиновски, декан на Факултетот

Меѓународен уредувачки одбор:
Ивана Видовиќ-Болт (Хрватска)
Мирослав Коуба (Чешка)
Биљана Мариќ (Србија)
Биљана Мирчевска-Бошева (Македонија)
Ѓоко Николовски (Словенија)
Јан Соколовски (Полска)
Лидија Танушевска (Македонија)
Бранко Тошовиќ (Австрија)
Ала Шешкен (Руска Федерација)

Лектура:
македонски: Гордана Алексова; *анīлиски*: Калина Малеска;
īолски: Наталија Лукомска; *словенечки*: Бојана Малтарич

Дизајн на корица: Наталија Лукомска

Компјутерска подготовка и печат:
Мар-Саж, Скопје

Индексирање:
EBSCO, Linguistic Bibliography – Brill

ISSN 0352-3055 (печатено издание)
ISSN 2955-232X (електронско издание)

Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
Blaže Koneski Faculty of Philology

SLAVISTIČKI STUDII 25

Journal of the Department of Slavic Studies
at Blaže Koneski Faculty of Philology

editor of volume 25:
Jasminka Delova-Siljanova

No 2

Skopje, 2025

Publisher:
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
Blaže Koneski Faculty of Philology

Editor-in-chief:
Vladimir Martinovski, Dean of the Faculty

International Editorial Board:
Ivana Vidović Bolt (University of Zagreb, Croatia)
Miroslav Kouba (University of Pardubice, Czech Republic)
Biljana Marić (University of Belgrade, Serbia)
Biljana Mirchevska-Bosheva (Ss. Cyril and Methodius University, N. Macedonia)
Gjoko Nikolovski (University of Maribor, Slovenia)
Jan Sokolovski (University of Wroclaw, Poland)
Lidija Tanushevska (Ss. Cyril and Methodius University, N. Macedonia)
Branko Toshovik (University of Graz, Austria)
Alla Sheshken (Moscow State University, Russia)

Proofreading:
Gordana Aleksova (Macedonian Language); Kalina Maleska (English language); Natalia Łukomska (Polish language); Bojana Maltarich (Slovenian language)

Cover design: Natalia Łukomska

Printed by:
Mar-Saž, Skopje

Indexed in:
EBSCO, Brill's Linguistic Bibliography Online

ISSN 0352-3055 (print)
ISSN 2955-232X (electronic)

СОДРЖИНА
TABLE OF CONTENTS

СЛАВИСТИЧКИ ЈАЗИЧНИ И КНИЖЕВНИ ПРОУЧУВАЊА
STUDIES IN SLAVIC LINGUISTICS AND LITERATURE

Лидија АРИЗАНКОВСКА, Моника ТРПКОВСКА
КОН СЛОВЕНЕЧКО-МАКЕДОНСКИОТ РЕЧНИК КАКО ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ „ЛЕКСИКОГРАФСКАТА ДЕЈНОСТ КАКО ИНТЕГРАЛЕН ДЕЛ ОД ФИЛОЛОШКИТЕ НАУКИ“

Lidija ARIZANKOVSKA, Monika TRPKOVSKA
TOWARDS THE SLOVENIAN-MACEDONIAN DICTIONARY AS PART OF THE PROJECT “LEXICOGRAPHICAL ACTIVITY AS AN INTEGRAL PART OF PHILOLOGICAL SCIENCES” 13

Катерина ВЕЛЈАНОВСКА
ПРЕДИЗВИК ЗА ИЗРАБОТКА НА „ТЕРМИНОЛОШКИ РЕЧНИК ОД ОБЛАСТА НА ФРАЗЕОЛОГИЈАТА“

Katerina VELJANOVSKA
CHALLENGE FOR THE DEVELOPMENT OF A “PHRASEOLOGICAL TERMINOLOGICAL DICTIONARY” 21

Кристина ДИМОВСКА
ФУНКЦИЈАТА НА САТИРАТА ВО ИЗБОР НА РАСКАЗИ ОД ЗБИРКАТА *СЛОН* НА ПОЛСКИОТ ПИСАТЕЛ СЛАВОМИР МРОЖЕК

Kristina DIMOVSKA
THE FUNCTION OF SATIRE IN A SELECTION OF SHORT STORIES FROM THE BOOK *SLON*/*ELEPHANT* BY THE POLISH WRITER SŁAWOMIR MROŻEK 31

Marta MOLDOVAN-CYWIŃSKA
WOLNOŚĆ – RADOŚĆ – KONTESTACJA, CZYLI O INTERDYSCYPLINARNYCH WYMIARACH SURREALISTYCZNEGO RUCHU POMARAŃCZOWA ALTERNATYWA Z UWZGLĘDNIENIEM TEKSTÓW PROGRAMOWYCH

Marta MOLDOVAN-CYWIŃSKA
FREEDOM - JOY - CONTESTATION, OR ON THE INTERDISCIPLINARY DIMENSIONS OF THE SURREALIST MOVEMENT ORANGE ALTERNATIVE WITH REGARD TO PROGRAM TEXTS..... 45

Ѓоко НИКОЛОВСКИ, Ирина ПЕТРОВСКА, Климент НАУМОВ
МАКЕДОНСКАТА ЈАЗИЧНА НОРМА ВО РЕСТОРАНСКОТО МЕНИ НА ЕДЕН ОД НАЈДОБРИТЕ СКОПСКИ РЕСТОРАНИ СПОРЕД ПОРТАЛОТ *TRIPADVISOR*

Gjoko NIKOLOVSKI, Irina PETROVSKA, Kliment NAUMOV
THE MACEDONIAN LANGUAGE NORM IN THE RESTAURANT MENU OF ONE OF THE BEST SKOPJE RESTAURANTS ACCORDING TO TRIPADVISOR 61

ПРИЛОЗИ
REWIEWS, VARIA

Лидија АРИЗАНКОВСКА
СЛОВЕНИСТИКАТА ПРИ ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ - СКОПЈЕ И УЛОГАТА НА БИСТРИЦА МИРКУЛОВСКА
од почетоците до сега со оформувањето на СЛОВЕНЕЧКОТО КАТЧЕ

Lidija ARIZANKOVSKA
SLOVENE STUDIES AT THE BLAŽE KONESKI FACULTY OF PHILOLOGY IN SKOPJE AND THE ROLE OF BISTRICA MIRKULOVSKA: FROM THE BEGINNINGS TO THE PRESENT AND THE ESTABLISHMENT OF THE SLOVENE CORNER 81

Максим КАРАНФИЛОВСКИ
ИН МЕМОРИАМ – ЗОЈА ШАНОВА

Maksim KARANFILOVSKI
IN MEMORIAM – ZOJA ŠANOVA 87

Биљана МИРЧЕВСКА-БОШЕВА
ОСВРТ КОН V МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА „РУСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА: МИНАТО, СЕГАШНОСТ, ИДНИНА“ (11.-13.12.2025 година)

Biljana MIRCHEVSKA-BOSHEVA
A REVIEW OF THE FIFTH INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE “RUSSIAN LANGUAGE, LITERATURE AND CULTURE: PAST, PRESENT, FUTURE” (11–13 DECEMBER 2025).... 91

Gjoko NIKOLOVSKI
ČETRTA POLETNA ŠOLA SLOVENSKEGA JEZIKA KOT DRUGEGA IN TUJEGA JEZIKA *SLOVENŠČINA NA PRVI POGLED*

Gjoko NIKOLOVSKI
4TH SUMMER SCHOOL OF SLOVENE AS A SECOND AND FOREIGN LANGUAGE: SLOVENE AT FIRST GLANCE 99

Лидија ТАНУШЕВСКА
ПРЕПЕВ поезија од полски јазик

Lidija TANUŠEVSKA
POETRY TRANSLATED FROM POLISH 103

СЛАВИСТИЧКИ ЈАЗИЧНИ И КНИЖЕВНИ ПРОУЧУВАЊА
STUDIES IN SLAVIC LINGUISTICS AND LITERATURE

УДК 81’374.8-022.215

Лидија АРИЗАНКОВСКА
Моника ТРПКОВСКА
Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
lidija.arizankovska@flf.ukim.edu.mk
jas.monika@hotmail.com

КОН СЛОВЕНЕЧКО-МАКЕДОНСКИОТ РЕЧНИК КАКО ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ „ЛЕКСИКОГРАФСКАТА ДЕЈНОСТ КАКО ИНТЕГРАЛЕН ДЕЛ ОД ФИЛОЛОШКИТЕ НАУКИ“

Апстракт: Целта е да дадеме кус опис на Словенечко-македонскиот речник, во фазата на изработка, како дел од проектот „Лексикографската дејност како интегрален дел на филолошките науки“, проект на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје, со намера да ја задоволи потребата од двојазични речници, преку нагласувањето на неговата функционалност, проследена од честотата на употреба и употребата во практиката, наменет за сите што го изучуваат словенечкиот јазик, било на универзитетско ниво, било во самата практика.

Клучни зборови: речник, словенечки јазик, македонски јазик, лексикографија

Вовед. Поаѓајќи од тоа дека нема многу публикувани речници на релација македонски-словенечки и словенечки-македонски јазик (в. под Користена литература), особено не како изданија од страна на македонската лексикографска дејност, а нивната потреба е зголемена поради интересот за изучувањето на словенечкиот јазик, како и поради истражувањето на обата јазика, македонскиот и словенечкиот јазик, особено во јужнословенски и во словенски контекст, се наметнува потребата од изработка на еден таков речник, за почеток во помал обем, што ќе ги следи актуелните потреби на корисниците и ќе биде наменет за сите оние што го изучуваат словенечкиот јазик, било на универзитетско рамниште, било во самата практика.

Во рамките на проектот „Лексикографската дејност како интегрален дел на филолошките науки“, кој се реализира на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје (2025-2026 г.) од страна на осумчлен истражувачки тим (носител на проектот: проф. д-р Катерина Велјановска), а со

поддршка од Министерството за образование и наука, покрај останатите лексикографски изданија како дел од проектот, предвидена е и изработка на Словенечко-македонски речник, кој ќе ги следи современите тенденции на оформувањето речници и кој ќе ја задоволи потребата од двојазични речници преку нагласувањето на неговата функционалност, проследена од честотата на употреба и употребата во практиката.

Во изработката на Словенечко-македонскиот речник учествуваат проф. д-р Лидија Аризанковска и докторантката Моника Трпковска.

Словенечко-македонскиот речник е двојазичен речник што претставува учебно помагало, примарно наменет за изучување на словенечкиот јазик на универзитетско ниво, односно за студенти, но и за сите оние што го изучуваат и го користат словенечкиот јазик во комуникацијата. Како речник со практична примена, ќе придонесе за успешно усвојување на словенечкиот јазик од страна на македонските говорители, со цел правилно користење и разбирање на лексиката, собрана, систематизирана и обработена во ваков тип на речник за широка употреба.

Имајќи ја предвид актуелната состојба, односно сè поголемиот интерес за изучување на словенечкиот јазик меѓу македонските говорители, но и фактот дека од последното двојазично речничко издание на релација словенечко-македонски јазик е поминато доста време, се наметнува потребата за ново словенечко-македонско речничко издание што ќе ги следи современите принципи на изработка на двојазични лексикографски изданија и што ќе ја прикаже актуелната општествено-јазична реалност. Поради тоа, при изработката на овој речник, покрај Толковниот речник на словенечкиот јазик (SSKJ) и Толковниот речник на македонскиот јазик (ТРМЈ), ќе се користат и други лексикографски изданија, како и современи дигитални корпуси (в. подолу под Користена литература).

Покрај лексиката од современиот словенечки стандарден јазик, но и од современиот македонски стандарден јазик, застапена како преводни еквиваленти на словенечките лексеми, накратко ќе бидат претставени и гласовниот систем на словенечкиот стандарден јазик, односно словенечкиот акцент, кои се неопходни за усвојување на изговорот и за поголема разбирливост, прегледност и применливост на словенечкиот јазик. Речникот ќе биде надополнет и со табела во која ќе бидат предадени скратувањата користени во Речникот и нивните македонски, односно латински еквиваленти.

Речникот ќе ја бележи современата состојба во словенечкиот стандарден јазик и во македонскиот стандарден јазик, потврдувајќи ја нивната

блискост како јазици со заедничка генеза, но и нивните разлики, прикажувајќи ги актуелните односи во разбирањето на двата јазика.

Словенечко-македонскиот речник ќе овозможи поврзување на словенечкиот и македонскиот јазик, но и поврзување на словенечката и македонската култура, а воедно ќе даде свој придонес и во систематизирањето и развојот на лексикографската дејност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје, со перспектива за формирање Оддел за лексикографија како единица на Факултетот, како една од целите на проектот во чии рамки е изработката на овој речник, како и во зајакнувањето на преведувачко-толкувачкиот профил на Факултетот.

1. Фази на изработка на Речникот. Изработката на Речникот ќе опфаќа четири фази, чија крајна цел е создавање современ двојазичен речник што ќе ги следи современите лексикографски тенденции и што ќе ја опфаќа современата актуелна лексика на словенечкиот стандарден јазик, земајќи ја предвид неговата функционалност, проследена со честотата на употреба и употребата во практиката.

Првата фаза опфаќа анализа на литературата, и тоа: контрастивна анализа на досегашните речнички изданија на релација словенечко-македонски јазик, но и на досегашните македонско-словенечки речнички изданија; анализа на нормативните јазични прирачници за словенечкиот и за македонскиот стандарден јазик врз коишто се потпира Речникот; анализа на лексикографски студии и друга литература од областа на лексикографијата.

Во втората фаза се одредува изгледот на Речникот, неговата содржина и структура, односно методологијата на изработка.

Третата фаза од изработката на Речникот, која воедно е и најобемна, опфаќа: регистрирање, односно собирање на лексичка граѓа (главно од други лексикографски изданија, учебни помагала и дигитални ресурси); средување на материјалот по абецеден редослед; предавање граматички информации за зборовите, односно граматички ознаки; предавање на значењето на зборовите, односно соодветниот македонски преводен еквивалент.

Последната, четврта фаза, опфаќа проверка на материјалот, отстранување на недоследностите и грешките, рецензија и објавување.

2. Опис на Речникот. Речничките статии започнуваат со одредница, како главен збор на речничката статија, граматички податоци за одредницата, значење, т.е. преводен еквивалент, дадени по абецеден редослед. Секоја

одредница ќе содржи податоци за акцентот (местото и типот на акцентот означени графиски), граматички податоци претставени со соодветни ознаки и преведен еквивалент. Кај одредниците со повеќе значења се тргнува од општото основно значење на зборот, по што следат останатите значења. Одредниците се напишани со болд.

Секоја страница од Речникот ќе содржи заглавие на првиот, односно последниот збор на таа страница, заради негово полесно и побрзо користење.

Одрениците се дадени во основната форма, по што следат граматичките ознаки, односно квалификатори на одредницата. Граматичките ознаки опфаќаат прозодиски и морфолошки информации, по што следат информациите за зборовната група, во курзив. Зборовните групи се дадени со словенечки скратувања, кои во посебна табела ќе бидат дадени со своите македонски, односно меѓународни латински еквиваленти, во воведниот дел на Речникот.

Именките се дадени во основната форма (во првиот падеж), формата за номинатив (слов. imenovalnik) еднина, потоа следи наставката за генитив (слов. rodilnik) еднина и ознака за граматичкиот род на именката. Покрај именките што имаат само множинска форма, ќе биде даден и граматичкиот број. (в. 2.1)

Глаголите се дадени во формата за инфинитив, по што следи наставката за прво лице еднина сегашно време, а во случај кога настануваат одделни фонетски промени, се дава целосната форма на глаголот (на пр. **brati** berem, **vzeti** vzamem). По наставката за сегашно време во прво лице еднина, следи информација за глаголскиот вид. Основната форма на глаголите, односно инфинитивот е преведен на македонски јазик со формата за трето лице еднина сегашно време. Повратните глаголи се внесени со кратката повратна заменска форма *се* по инфинитивната форма, односно по формата за сегашно време.

Придавките се дадени во номинатив еднина машки род, по што следат наставките за женски и за среден род и преводниот еквивалент, само со формата во машки род.

Именските заменки (прашалните, односните, неопределените и одречните заменки) се дадени во номинатив еднина, со наставката за генитив еднина. Личните заменки ќе бидат дадени во формата за номинатив еднина со преводниот еквивалент на македонски јазик. Придавските заменки (присвојните, прашалните, односните и тоталните заменки) се дадени во машки род и наставките за женски и среден род, со преведен еквивалент само во машки род.

Основните броеви од еден до четири се дадени во номинатив, во сите три рода еднина, со преведен еквивалент само во машки род. Броевите од пет нагоре се дадени во основата форма со наставката за генитив множина. Редните броеви се дадени во трите форми за род со преведен еквивалент само во машки род.

Неменливите зборови се дадени во нивната основна форма и зборовната група на којашто ѝ припаѓаат.

а. Илустративен приказ на одделни одредници претставени во Речникот

1.	**govoríti**
2.	-ím
3.	*nedov.*
4.	зборува

1.	**bráti**
2.	bêrem
3.	*nedov.*
4.	чита

1.	**beséda**
2.	-e
3.	*ž*
4.	збор; говор

Во прилог, илустративно е прикажан изгледот на дел од одредниците во Речникот, кои припаѓаат на различни зборовни групи. Илустративниот приказ на одредниците е изработен по примерот на Српско-словенечкиот речник (Đukanović, V., Đukanović, M. 2005: VI-VIII). Најпрво, во болд е претставена акцентираната одредница (1) во основната форма, односно формата за инфинитив кај глаголите и формата во првиот падеж (номинатив еднина) кај именките. Потоа следи краток граматички опис, односно менувањето на зборовите (2). Кај глаголите е предадена наставката за прво лице еднина сегашно време, односно целосната форма на глаголот кога настануваат фонетски промени (на пр. brati *berem)*, додека кај именките е предадена нставката за вториот падеж (генитив еднина). Претставена е и зборовната група на одредниците со словенечко скратување, во курзив (3), како и преводниот еквивалент на македонски јазик (4).

3. Заклучок. Во прилогот се обидовме да дадеме кус опис на Словенечко-македонскиот речник, во фазата на изработка, како дел од проектот „Лексикографската дејност како интегрален дел на филолошките науки“, проект на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје (2025-2026), поттикнат од потребата за изработка на двојазични речници, особено на релација словенечки-македонски јазик, наменет за сите оние што го изучуваат словенечкиот јазик во релација со македонскиот јазик како дел од јужнословенскиот и словенскиот контекст, било на универзитетско рамниште, било во самата практика.

Во самиот прилог се дадени фазите на изработката на овој двојазичен речник, како и описот на Речникот, илустративно претставен преку одделни одредници, надевајќи се дека ваквото издание ќе даде свој придонес и во систематизирањето и во развојот на лексикографската дејност на македонско тло.

Користена литература

на кирилица:

Аризанковска, Л. 1999. „Споредба на речнички статии меѓу SSKJ и PMJ“, *Зборник од научната дискусија во Охрид 1998*, 124-131**.**

на латиница:

Čeh Balint, J., Kosem, I. 2017. „Prvi koraki do novega velikega slovensko-madžarskega slovarja: analiza relevantnih dvojezičnih virov“, *Slovenščina v dvojezičnih okoliščinah Letn. 5 Št. 2*, 113-150.

Nikolovski, G. 2022. „Slovenski in makedonski jezik v leksikografski perspektivi“, *Slavistična prepletanja 3,* 199-215.

Osnutek koncepta novega velikega slovensko-madžarskega slovarja. 2018. Ljubljana: Univerza v Ljubljani, Filozofska fakulteta, https://www.cjvt.si/komass/wp-content/uploads/sites/17/2020/08/Osnutek-koncepta-VSMS-v1-1.pdf , пристапено на 12.10.2025 г.

Речници

на кирилица:

Правописно-нормативен речник на македонскиот стандарден јазик Том I. Скопје: Бата пресс милениум, 2024.

Толковен речник на македонскиот јазик. Ред. Кирил Конески, I–VI. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2003–2014.

на латиница:

Đukanović, Maja. 2008. *Slovenačko-srpski, srpsko-slovenački rečnik.* Beograd: Agencija Matič.

Đukanović, Vlado, Đukanović, Maja. 2005. *Srbsko-slovenski in slovensko-srbski slovar.* Ljubljana: Pasadena.

Jurančič, Janko. 1970. *Srbskohrvatsko-slovenski in slovensko-hrvatskosrbski slovar.* Ljubljana: Cankarjeva založba.

Makedonsko-slovenski slovar. 2019, https://www.termania.net/, пристапено на 20.10.2025 г.

Nikolovski, Gjoko. 2023. *Slovensko-makedonski slovar*, https://www.termania.net/, пристапено на 20.10.2025 г.

Novšak, France. 1982. *Makedonsko-slovenski slovar.* Ljubljana: Državna založba Slovenije.

Skenderović, Remzo. 2012. *Slovensko-makedonski slovar/македонско-словенечки речник.* Skopje: Aurora-Skopje.

Stefanija, Dragi, Pretnar, Tone. 1998. *Mali makedonsko-slovenski slovar/Мал македонско-словенечки речник in Мал словенечко-македонски речник/Mali makedonsko-slovenski slovar.* Ljubljana: Univerza v Ljubljani, Filozofska fakulteta, Oddelek za slovanske jezike in književnosti; Zveza makedonskih kulturnih društev Slovenije.

Извори:

https://fran.si/, пристапено на 11.10.2025 г.
http://drmj.eu/, пристапено на 11.10.2025 г.
https://www.termania.net/, пристапено на 20.10.2025 г.
https://korpusnik.cjvt.si/, пристапено на 22.10.2025 г.
https://viri.cjvt.si/sopomenke/slv/, пристапено на 22.10.2025 г.

Lidija ARIZANKOVSKA
Monika TRPKOVSKA

TOWARDS THE SLOVENIAN-MACEDONIAN DICTIONARY AS PART OF THE PROJECT "LEXICOGRAPHICAL ACTIVITY AS AN INTEGRAL PART OF PHILOLOGICAL SCIENCES"

Summary

The aim is to provide a brief description of the Slovenian-Macedonian dictionary, currently under development, as part of the project "Lexicographical activity as an integral part of philological sciences", a project of the Faculty of Philology "Blaže Koneski" - Skopje, with the intention of satisfying the need for bilingual dictionaries by emphasizing its functionality, followed by the frequency of use and use in practice, intended for all those who study the Slovenian language either at the university level or in practice.

Starting from the fact that there are not many published dictionaries on the Macedonian-Slovenian and Slovenian-Macedonian language, and their need has increased due to the interest in studying the Slovenian language, as well as the research of both languages, the Macedonian and Slovenian languages, especially in the South Slavic and Slavic context, the need to develop such a dictionary, initially on a smaller scale, that will follow the current needs of users and which will be intended for all those who study the Slovenian language either at the university level or in practice itself, arises.

In this article, we would like to present the phases of the creation of this bilingual dictionary, as well as provide a description of the dictionary, illustratively presented through individual definitions presented in the dictionary.

УДК 81’373.7’374.2

Катерина ВЕЛЈАНОВСКА
Филолошки факултет „Блаже Конески“
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
k.veljanovska@gmail.com

ПРЕДИЗВИК ЗА ИЗРАБОТКА НА „ТЕРМИНОЛОШКИ РЕЧНИК ОД ОБЛАСТА НА ФРАЗЕОЛОГИЈАТА“

Апстракт: Во оваа статија се зборува за потребата на изработка на Терминолошки речник од областа на фразеологијата, чија основна цел е да понуди јасни, прецизни и научно аргументирани дефиниции на клучните поими од оваа област, да придонесе кон нивна стандардизација и да овозможи нивно полесно усогласување со терминолошките системи во другите словенски јазици.

Клучни зборови: терминолошки речник, фразеологија, фразема, терминолошка стандардизација, македонски јазик.

Терминолошкиот речник од областа на фразеологијата на авторките Катерина Велјановска и Биљана Мирчевска-Бошева е резултат на научноистражувачкиот проект „Лексикографската дејност како интегрален дел од филолошките науки“, поддржан од Министерството за образование и наука на РС Македонија. Во рамките на проектот се реализира и изработката на уште три лексикографски трудови: Терминолошки речник од областа на дискурсна анализа, Речникот на методички термини од наставата по македонски јазик и еден двојазичен, Словенечко-македонски речник за почетно ниво.

Во македонската научна средина терминологијата од различни научни области се проучува во рамките на макропроектот „Македонска научна и стручна терминологија“ при Македонската академија на науките и уметностите. Во рамките на овој проект се обработени голем број научни дисциплини, но терминолошки речници од областа на лингвистиката досега не се изработени. Но, уште во далечната 1947 година Специјалната комисија при тогашното Министерство за просвета на Македонија ја согледува потребата од изработка на една книшка „Времена терминологија“, во која се содржани преку двесте граматички термини, со што, тоа е прв обид

за уточнување на термините во тој период: определеност/неопределеност, избројана множина, заменска придавка, глаголски термини и др. (Видоески 2013: 27). Поминуваат неколку децении за македонскиот јазик да биде застапен во повеќејазични терминолошки речници, меѓу кои особено значајно место има Slovník slovanské lingvistické terminologie, објавен во Прага во 1977 година, во кој се опфатени терминолошките системи на сите словенски јазици. Сепак, сè уште недостасуваат самостојни терминолошки речници што ќе ги систематизираат и ќе ги дефинираат основните поими од одделни лингвистички дисциплини на македонски јазик.

Токму од оваа потреба произлегува и идејата за изработка на Терминолошки речник од областа на фразеологијата, чија основна цел е да понуди јасни, прецизни и научно аргументирани дефиниции на клучните поими од оваа област, да придонесе кон нивна стандардизација и да овозможи нивно полесно усогласување со терминолошките системи во другите словенски јазици.

Развој на фразеолошките истражувања во македонскиот јазик. Денес македонската фразеологија претставува развиена истражувачка област во која се обработуваат различни аспекти на фраземите. Покрај истражувањата посветени исклучиво на македонскиот јазик, значително место заземаат и компаративните проучувања во кои македонскиот јазик се споредува со други словенски и несловенски јазици. Почетоците на систематското проучување на фразеологијата во македонскиот јазик датираат од шеесеттите години од минатиот век и се поврзуваат со трудовите на Јашар-Настева, Стаматоски, Пеев и др. Во следните децении интересот за фразеологијата постепено се зголемува и денес таа претставува развиена истражувачка област во која се обработуваат различни аспекти на фраземите: нивната структура, семантика, стилистички потенцијал, културна мотивираност, преводливост и меѓујазични односи. Покрај истражувањата посветени исклучиво на македонскиот јазик[1], значително место заземаат и компаративните проучувања во кои

[1] Меѓу истражувањата фокусирани на различни сегменти од македонската фразеологија, за илустрација ќе наведеме само неколку: „Фразеолошките изрази во македонскиот јазик со осврт на соматската фразеологија“ (Велјановска 2006), „Белешки за македонската фразеологија“ (Велковска 2002), „Македонска фразеологија со мал фразеолошки речник“ (Велковска 2008), „Прилози за македонската фразеологија“ (Макаријоска, Павлеска-Георгиевска 2020), „Имињата во македонската фразеологија“ (Велјановска,

македонскиот јазик се споредува со други словенски и несловенски јазици[2].

Терминологија. Според општата дефиниција, термините претставуваат еднозначни зборови со строго определено значење и произлегуваат најчесто од класичните јазици – латинскиот или старогрчкиот. Термините се користат од специјалисти во службено општење и имаат ограничена употреба. Гортан-Премк (2004: 125) забележува дека термините имаат ограничена способност на полисемија. Тие имаат ограничена деривациска способност и обично немаат синоними.

Винтар (2008: 18) вели дека терминологијата се занимава со термини со кои се именуваат специјализирани поими од одредена научна дисциплина.

Драгиќевиќ (Драгићевић 2007: 20) истакнува дека терминологијата ги проучува термините, зборови што се користат во одредена струка или научна дисциплина.

И во однос на карактеристиките на термините повеќе лингвисти имаа слични мислења. Така, на пример, според Шипка (1998: 128), терминот ги има следните карактеристики: транспарентност (лесно препознавање на значењето), интернационалност, постојаност (општоприфатен за одредена струка/наука), краткост (вклопеност во терминолошкиот систем), недвосмисленост, прецизност, несинонимичност (во рамките на една научна дисциплина).

Кај фразеологијата, како понова лингвистичка дисциплина со спефичен предмет на интерес, затврднатите зборовни состави со комплексна семантика и специфична структурна организација, е особено изразена терминолошката варијантност, како резултат на влијанието на различни научни школи што развиле различни пристапи кон класификацијата и

Мирчевска-Бошева 2021), „Фразеолошкото богатство на современата македонска литература“ (Макаријоска, Павлеска-Георгиевска 2024) и др.

[2] Од трудовите во кои македонската фразеологија се истражува во споредба со други јазици ги наведуваме следните: „*Доброто* и *лошото* како вредносни категории во пословиците во италијанскиот, во јапонскиот и во македонскиот јазик“ (Д. Никодиновска, 2015); „Емоциите и чувствата низ призмата на фразеологија (македонско-руски паралели)“ (Мирчевска-Бошева 2022); „Соматската фразеологија во преводот: македонско-чешки преплетувања“ (Делова-Силјанова 2022); „Германските и македонските еквиваленти на фразеологизмите во делото „Злосторство и казна“ од Достоевски“ (Козлова, необјавен магистерски труд, 2025) и др.

дефинирањето на фразеолошките единици. Оттука, прашањето за терминологијата во фразеологијата не е само теориско, туку и практично, бидејќи директно влијае врз научната комуникација, наставата и лексикографската практика.

Еден и, можеби, најзначаен предизвик е терминолошката варијантност во научната литература, имајќи предвид дека се користат називи изведени од грчките зборови φράσις (фразис) и ἰδίωμα (идиома). Овде е посебно важно да се нагласи дека различни традиции истите називи ги употребуваат за различни референти (Parizoska, Stanojević 2018: 611). Во англоамериканската лингвистичка традиција доминира терминот идиом и изведенките од него, додека во словенската фразеолошка литература превладува употребата на термините изведени од коренот фраз-. Ова не значи дека се работи за два целосно изолирани системи. Терминот идиом се среќава и во словенската фразеологија за означување целосно десемантизирани зборовни состави. Во англо-американската традиција, во зависност од пристапот, терминот идиом може да има различен опсег. На пример, според когнитивната лингвистика во идиоми се вбројуваат и конвенционализираните метафори, споредбените фраземи, фразните глаголи и др. (Kövecses 2010: 231). Употребата на терминот идиом во словенската фразеологија не се препорачува и од причина што во другите лингвистички дисциплини тој е етаблиран како термин за јазик, говор и дијалект (Вуловић 2017: 249).

Дополнителен проблем во однос на фразеолошката терминологија претставува и фактот дека паралелно се употребуваат термини како фразема, фразеологизам, фразеолошки израз, фразеолошка единица во различни словенски јазици.

За да се определиме кој термин би го користеле како доминантен, направивме истражување во врска со неговата употреба во трудовите што досега се објавени во македонскиот јазик, како и во други словенски јазици.

Така, од околу 300 анализирани монографии, речници и статии од областа на македонската фразеологија објавени во периодот од 1965 година, па сè до 2025 година, дојдовме до заклучок дека термините фразеологизам и фразеолошки израз речиси воедначено се употребуваат во периодот до 2000 година. Во следната декада, т.е. до 2010 година, трите термина се употребуваат со речиси иста фреквенција. Во последните 15 години воочлива е зголемената употреба на терминот фразема, особено под влијание на хрватската и словенечката фразеолошка школа. Па, така, споредено со претходната декада, за нешто повеќе од 100% е зголемена употребата на терминот фразема, терминот фразеологизам забележува 50% помала употреба, а најголема разлика се воочува кај употребата на терминот ФИ кој за 4

пати поретко се среќава во овој временски интервал. Зголемената употреба на терминот фразема во извесна мера е поврзан и со промената на авторите што активно истражуваат во ова поле, но покрај тоа се забележува промена во користениот термин кај истите автори, т.е. оние автори што во минатите децении ги претпочитале термините фразеологизам и ФИ сега го користат фразема (Макаријоска, Никодиновска, Павлеска-Георгиевска, Велјановска, Мирчевска-Бошева и др.).

Предностите на употребата на терминот фразема се: 1. пократка форма и 2. стандардизирање на формата на терминот со останатите јазични единици (фонема, морфема, лексема). Во нашата литература овој термин првпат е употребен во докторската дисертација „Фигуративните значења на инсектите во францускиот и во македонскиот јазик“ на Звонко Никодиновски во 1992 година. Ако во почетниот период паралелно се употребуваат терминте фразеолошки израз (регистриран во РМЈ) и фразеологизам (под влијание на богатата литература на руски јазик), во последните две децении се забележува зголемена употреба на терминот фразема.

Речникот ги содржи сите термини поврзани со основната единица на фразеологијата затоа што сè уште се сите во активна употреба. Имајќи предвид дека во овој речник е препорачан терминот „фразема“, објаснувањето е дадено кај оваа речничка статија, а останатите термини се присутни во него, но со упатување на дефиницијата на фраземата.

Во овој речник како основен термин е прифатен терминот фразема. Ваквото решение се темели врз современата употреба во македонската лингвистика, како и врз тенденциите присутни во хрватската и словенечката фразеолошка школа. Истовремено, во речникот се вклучени и терминте фразеологизам, фразеолошки израз и фразеолошка единица, кои сè уште се употребуваат во научната литература. Во речникот се користи и придавката *фразеолошки*, изведена од лексемата фразеологија и придавката, *фраземски* изведена од лексемата фразема.

Македонската фразеологија сè уште се разгледува во потесна и во поширока смисла. Во потесна смисла предмет на интерес се фраземите, а во поширока смисла влегуваат и пословиците, крилатиците, благословите, клетвите, поздравите и др. Во последните неколку децении се издвојуваат посебни поддисциплини: паремиологија, која ги проучува пословиците, и крилатологија, која ги проучува крилатиците. Имајќи предвид дека во „Фразеолошкиот речник на македонскиот јазик“ е опфатена фразеологијата во поширока смисла, тоа се рефлектира и во најголемиот број статии и

монографии што го користат овој извор за ексцерпција на материјал. Токму затоа во македонската лингвистичка средина доминира сфаќањето на фразеологијата во поширока смисла.

Корпус и извори. Во речникот се вклучени основни, широко употребувани и потесно специјализирани термини од областа на фразеологијата, кои се ексцерпирани од научни монографии, докторски дисертации, магистерски трудови, фразеолошки речници и терминолошки речници од областа на лингвистиката на македонски и на други словенски јазици и статии посветени на фразеологијата во македонскиот јазик.

Дефинирани се вкупно 169 термини што се користат во оваа научна дисцплина.

Структура на речничка статија. Содржината во речникот е подредена по азбучен ред. Речничката статија може да содржи само дефинција; покрај дефиницијата може да содржи и примери; дефиниција со дополнување, или може да е составена од дефиниција со дополнително објаснување и примери.

Првиот дел од секоја речничка статија го претставува заглавниот збор, кој се дава со големи затемнети букви: **АФОРИЗАМ, ГНОМА, ФРАЗЕМА.**

Самата речничка статија започнува со дефиниција на терминот, а доколку има потреба од дополнително објаснување, тоа се дава во продолжение, во следен издвоен пасус. За најголемиот дел од единиците дадени се и примери во курзив и со упатување на изворот. За илустрација, еве еден пример:

АНИМАЛИСТИЧКА ФРАЗЕМА

Фразема што како составна компонента содржи назив на животно или придавски форми изведени од него, лексема што означува дел од телото на животното (*о̄пашка, клун, рої*), предмети или места својствени за животните (*̄поило, солило, узда*), називи на живеалишта (*џунӣла, море, ̄пуст̄шина, кафез, осило, шт̄ала*), називи на животински производи (*мед, млеко*), глаголи чие прво значење е поврзано со животните (*се їеїа, їлода, молзе*), ономатопејска компонента (*џиу-џиу, мјау-мјау*) и назив на групи во кои живеат (*чоп̄ор, јат̄о, рој, ст̄ado*).

Пр. *кладе/клава (ставa, тура, фрла) (нешто) в клун* (ФРМЈ, 2, 40); *се враќа во старото јато* (ФРМЈ, Т.1, 432); *го држи на узда* (ФРМЈ, Т.3, 196); *си ја подвива (подвитkува) опашката* (ФРМЈ, Т.2, 303).

Заклучок. Објавувањето на наведените речници, вклучително и на Речникот на термини од областа на фразеологијата, ќе овозможи стандардизирање и доследна употреба на терминологијата, како и збогатување на македонската стручна лексикографска продукција, што, во исто време, претставува значаен предуслов за квалитетна настава и научноистражувачка работа во областите на фразеологијата, методиката, дискурсната анализа и лексикографијата, македонистиката и, воопшто, во науката за јазикот.

Користена литература

на кирилица:

Видоески Б. 2013, *Развојот и состојбата на македонската лингвистичка теорија,* Скопје: МАНУ.

Вуловић Н. 2017, Употреба основних фразеолошких термина у српској (и словенској) лингвистици. *Словенска терминологија данас*, Београд: САНУ, 243-252.

Гортан-Премк Д. 2004. *Полисемија и организација лексичког система у српског језика*. Београд: Завод за уџбенике и наставна средства.

Драгићевић Р. 2007.*Лексикологија српског језика*. Београд: Завод за уџбенике.

Јашар-Настева, О. 1962/63. Македонските калки од турскиот јазик. *Македонски јазик* XIII-XIV, 109-172.

Никодиновски, З. 2007.*Фигуративните значења на инсектите во францускиот и во македонскиот јазик*. Штип: 2-ри Август С.

Пеев, К. 1972. Фразеолошките изрази во македонскиот јазик. *Македонски јазик*XXIII, 225-236.

Стаматоски, Т. 1965. Белешки за фразеологијата на нашиот јазик. *Литературен збор* 6, 18-20.

Стаматоски, Т. 1969. Прашања на фразеологијата за нашиот јазик. *Литературен збор* 3, 1-7.

Шипка Д., 1998, *Основи лексикологије и сродних дисциплина*, Нови Сад: Матица српска.

на латиница:

Kövecses, Zoltán. 2010. Metaphor: A Practical Introduction. Oxford University Press. Oxford.

Parizoska, Jelena; Stanojević, Mateusz-Milan. 2018. Problemi frazeološkog nazivlja. *Rasprave: Časopis Instituta za hrvatski jezik i jezikoslovlje*, 44, 611 – 625.

Vintar Š. 2008. *Terminologija: Terminološka veda in računalniško podprta terminografija*. Ljubljana: Filozofska fakulteta.

Katerina VELJANOVSKA

CHALLENGE FOR THE DEVELOPMENT OF A "PHRASEOLOGICAL TERMINOLOGICAL DICTIONARY"

Summary

This article discusses the need to develop a Terminological Dictionary in the field of phraseology, the primary aim of which is to provide clear, precise, and scientifically grounded definitions of the key terms in this field, contribute to their standardization, and facilitate their harmonization with the terminological systems of other Slavic languages.

УДК 821.162.1-32.09

Кристина ДИМОВСКА
ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
amato.maya@gmail.com

ФУНКЦИЈАТА НА САТИРАТА ВО ИЗБОР НА РАСКАЗИ ОД ЗБИРКАТА *СЛОН* НА ПОЛСКИОТ ПИСАТЕЛ СЛАВОМИР МРОЖЕК

Апстракт: Изборот на раскази што се предмет на интерпретација во трудов, а се дел од збирката *Слон* (1957 [2017]) на полскиот писател Славомир Мрожек, не се должи само на застапеноста на сатирата како вид на – понекогаш суптилна, а понекогаш експлицитна – општествена и социјална критика, туку и на уникатниот начин на кој Мрожек постигнува непредвидлив или неочекуван обрт на приказната или дава неочекувано финале. Сатирата во изборот на раскази („Слон“, „Од темнината“, „Сакам да бидам коњ“, „Тивкиот соработник“, „Деца“ и други) ретко се јавува и постои изолирано, обично е изведена како специфична авторска техника на претставување на настаните со поента што се постигнува неочекувано, со што се изневерува читателовиот хоризонт на очекување. Сатирата во избраните раскази на Мрожек има функција да ја критикува дисфункционалноста на системот, но преку неа се критикуваат и човековите слабости како резултат или на таа слабост, или на „дефектната“ човекова природа.

Клучни зборови: сатира, функција, *Слон* (збирка раскази), Славомир Мрожек, неочекуван пресврт

Вовед. Расказите од збирката *Слон* (1957 [2017]) на полскиот писател Славомир Мрожек (1930–2013), кои тука се наведуваат според македонскиот превод од полски јазик на Филип Димевски, се испреплетени со сатира што функционира некаде како суптилен, а некаде како изразен и отворен начин свесно и издржано да се критикува дисфункционалноста на државниот апарат. Во трудов за егземпларни се земаат оние раскази што нудат доволно материјал за да се согледа која и каква е функцијата на сатирата, но не се изземени и раскази во кои постои неочекуван пресврт во приказната, кој многу често го изневерува читателовиот хоризонт на очекување.

Некои автори (М. Гловињски, Т. Косткјевичова, А. Окопјењ-Славињска и Ј. Славињски) успешно ја увидуваат нехомогеноста на стилот

во расказите на Мрожек, која е евидентна и во збирката *Слон*, но, исто така, го констатираат и „мешањето на префинет со вулгарен говор“ (Głowiński, Kostkiewiczowa, Okopień-Sławińska, Sławiński 2008: 188; цит. спор. Turek 2010: 433), како и контрастирањето на сериозноста или несериозноста на ситуацијата и начинот на кој таа е претставена преку стилот и дискурсот на авторот. Во расказите на Мрожек се забележува „постепеното разоткривање на апсурдот на секојдневието во Полска, распнато помеѓу патетичниот јазик на официјалната пропаганда и неговата превртена слика во огледалото на реалноста, во кои писателот ги препознава нелогичноста и *нонсенсот*, кои стануваат принципот врз кој тој ја гради својата надреалистичка имагинација, чувството за апсурдот и хуморот“ (Blažina 2013: 214). Третманот и начинот на кој се доживува творештвото на Мрожек е двојно и, „додека на Истокот политиката изгледаше како она што го дефинираше творештвото на Мрожек како дисидентско и антирежимско, на Западот полскиот писател беше поздравен како претставник на театарот на апсурдот... заедно со Бекет, Јонеско и Пинтер“ (Geroud 2004: XIII). Сепак, за дискурсот на Мрожек и за неговиот пристап и начинот на кој тој ги гради сижеата и ситуациите во расказите, е својствен индивидуален, уникатен стил што е тешко да се смести во само една жанровска категорија, стил, правец, па дури и жанр. Голем дел од расказите („Слон“, „Од темнината“, „Сакам да бидам коњ“, „Тивкиот соработник“, „Деца“, „Процес“, „Жирафа“ и други) се толку различни меѓу себе, и во поентата и во суштината, но и во начинот на кои се градени, што е тешко за сите нив да се каже нешто што би било подеднакво и истовремено применливо. На пример, расказите „***“, „Факт“, „Од муабетите на чичо“ и „Современиот живот“ посебно се истакнуваат и се издвојуваат од сите останати раскази по фрагментарната структура. Расказот „Во фиоката“ се разликува од сите претходни, и од сите останати, по неочекуваниот, апсурден крај. Во споредба со дискурсот на некои други полски писатели што се, исто така, автори на раскази (Стефан Жеромски, Витолд Гомбрович и Даниел Одија) и чиј стил е релативно препознатлив и „стабилен“ (односно постојан низ сите раскази), Славомир Мрожек е еден од оние писатели што се непредвидливи за читателот и чии писателски интенции и расплети не можат однапред да се предвидат, па дури ни да се насетат.

Опасно е биографијата на авторот да влијае во голема мера врз потрагата по причините за употребата на одредени конвенции и креативни техники, но за Мрожек е важно да се забележи дека тој свесно и волево го минал поголемиот живот надвор од Полска, како емигрант. Во 1968 година тој објави писмо во весниците *Le Mond* и *Kultura* , во кое го изрази своето

несогласување и критика против влезот на трупите во Варшавскиот пакт во Чехословачка, предизвикувајќи го незадоволството на полската влада. Му беше наложено да се врати назад во Полска во рок од две седмици, но наместо да се покори на наредбата, тој побара политички азил во Франција (Godovič 2022: 74). Секако дека во оваа епизода од животот на авторот не треба да се бараат причините за експлицитните критики кон службениците и некритичката преданост кон Комунистичката партија, кои се очигледно присутни во расказите (особено во „Слон", „Тивкиот соработник", „Коњчиња" и други), но тие укажуваат на општествено ангажиран автор и автор што не се плаши да го критикува она што смета дека е погрешно. Од друга страна, постојат автори, како Марковски (Markowski), кои сметаат дека

> без да се земе предвид Славомир Мрожек, авторот, невозможно е да се разбере неговото творештво, иако не во таква примитивна смисла дека литературата би требало на било каков начин да одговара на настаните од биографскиот живот на писателот. Кога, имено, ги гледам фотографиите на Мрожек, доаѓам до заклучокот дека не е можно да се разбере неговото творештво без гледање во неговото лице. Длабоко сум уверен дека токму од тоа лице произлегува сè што напишал и дека неговото лице овозможува да се разбере тоа што го напишал (Markowski 2007: 140; цит. спор. Sidoruk 2023: 251).

Ваквото мислење, можеби, повеќе се однесува и е поприменливо за театарските пиеси на Мрожек отколку за расказите, бидејќи, како што ќе се види понатаму, во нив (во расказите) речиси целосно отсуствуваат елементи на авторовото „присуство", дури и кога постои силно изразен наратор. За Мрожек е значаен податокот за неговиот живот и пишување под тоталитарна власт. Тој препознава дека „овие дегенеративни режими се на работ на колапс" (Gerould 2009: ix) и во расказите ова најсилно се забележува како нешто што е неодминливо да се критикува.

Она што во овој труд се именува како сатира е истото она што некои автори, како Влодарчик (Włodarczyk), го именуваат како ирониja. Таа го претставува Мрожек во светлото на автор на сатирични раскази во кои се провлекува иронија што се состои во тоа „да се преправаме дека една шокантна ситуација е сосема нормална" и како нешто што е „водечки манир во сатиричната книжевност". На истото место, таа смета дека ова е „совршен начин како да се заведе цензурата, а воедно на читателот да му се даде можност самиот да го донесе очекуваниот заклучок" (Włodarczyk 1992: 119). Сатиричарите, според Палмери, претпочитаат да живеат во т.н.

меѓупростор каде што сè постои на едно исто ниво, „отколку во хиерархијата на вредности на било кој изворен систем или идеал. Ироничните простори меѓу таквите структури го привлекуваат сатиричниот пародичар повеќе отколку самите структури“ (Palmeri 1990: 1). Симсон смета дека сатирата *е* книжевност, но и дека таа е *и* книжевен жанр (Simpson 2003: 51). Според Хајет (Highet), постојат три вида на сатира, односно: пародиска, непародиска – драмска или наративна – фикција, и непародиски монолог со подваријанти (Highet 1972: 14). Тешко е расказите на Мрожек да се сместат и вкалапат само во една од овие категории, но во селектираните раскази главно доминира пародиска наративна сатира.

Врз основа на краткиот вовед, под терминот „функција“ ќе се подразбира улогата што ја има сатирата во начинот на кој се претставени ликовите, настаните и поентата во избраните раскази на Мрожек. Сатирата во расказите не треба да се согледа само како механизам за критичко согледување на реалноста, туку и како креативен механизам за создавање необична атмосфера на ликови што се издвојуваат, различни се и што не се конформистички вклопени во социјалните средини во кои живеат.

Tak oto twórca Pomarańczowej Alternatywy uczynił radość i kontestację jednią, wprowadzając ją na trwałe do Panteonu polskiego surrealizmu (Moldovan-Cywińska, 2023: 45–47, 78–79). Jarmarczny wymiar ludowy teatru średniowiecznego (Bachtin, 1995: 481), przekonfigurowanie znanych pojęć i znaczeń (Bachtin, 1995: 566) oraz śmiech służący „rodzeniu się" nowego (Bachtin, 1995: 626) zaowocowały powstaniem teatru ulicznego à la polonaise na tle przemian postsolidarnościowych (Misztal, 1982: 2).

6. Gwoli podsumowania. Wolność, radość, kontestacja: oto trzy fundamentalne pojęcia pozwalające zrozumieć złożony, interdyscyplinarny fenomen Pomarańczowej Alternatywy, której symbolem stały się dwa werbalne akty odwagi ideologiczno-surrealistycznej. „Manifest Surrealizmu Socjalistycznego" (Fydrych, 1981) oraz „Manifest kwiatów" (Fydrych, 1983) – bo o nich mowa – pozwoliły uporządkować elementy ideowe, literackie, polityczne oraz artystyczne jednego z największych ruchów kontestacyjno-artystycznych w Europie lat osiemdziesiątych i dziewięćdziesiątych. Strategia tego interdyscyplinarnego ruchu opierała się na działaniach adresowanych przede wszystkim do braci studenckiej, ale także do przypadkowych przechodniów, poprzez organizowanie akcji happeningowych jako formy walki z ustrojem. „Surrealizm socjalistyczny" nadawał im obudowę ideologiczną. Tak jak za sprawą twórczości surrealistów – przede wszystkim francuskich – przenikamy do innego świata, który staje się dla nas czymś w rodzaju rzeczywistości transcendentnej, tak „inny świat" Fydrycha daje nam wskazówki do postrzegania tego, co umyka zmysłom. Zmusza również do redefiniowania pojęcia wolności artystycznej oraz radości wynikającej z udziału w procesie tworzenia.

„Zabawa nie daje się negować. Negować można wszystkie niemal abstrakcje: prawo, piękno, prawdę, dobro, ducha, Boga! Powagę można negować, zabawy nie można" – podkreśla Huizinga, uwypuklając znaczenie zabawy jako czynnika kulturowego oraz podnosząc ją do rangi „wielkości danej kulturze" (Huizinga, 2011: 14) „egzystującą przed samą kulturą" (Huizinga, 2011: 15), wysublimowaną postacią działania, formy ukierunkowanej na sens i pełniącej istotną funkcję społeczną. Zaznacza też, iż w swej misji badacz powinien pojmować zabawę w pierwotnym jej znaczeniu, w „unaocznieniu rzeczywistości" (Huizinga, 2011: 16) i jego zadaniem jest zrozumienie wartości oraz znaczenia obrazów. Należy więc zadać pytanie: czy wzmiankowane tu manifesty, stanowiące obudowę ideologiczną do działań ulicznych Pomarańczowej Alternatywy, są rodzajem jedynego zawoalowanego testamentu duchowego czy też werbalną formą zabawy antytetycznej, opartej na wieloznaczności pojęć surrealistycznych, przykładem „wirtuozerii" asocjacjonistycznej? Fydrych nadal jest aktywny twórczo i pracuje nad kolejną książką, nie dostarczając nam jednoznacznej odpowiedzi.

Literatura przedmiotu

Argenta M. 2007, Simbolismo, surrealismo e fantástico: homologias e divergências em suas expressões artístico-literárias, (21) Simbolismo, surrealismo e fantástico: homologias e divergências em suas expressões artístico-literárias [dostęp: 21.06.2025].

Armata J., Major albo rewolucja krasnoludków https://culture.pl/pl/dzielo/major-albo-rewolucja-krasnoludkow [dostęp: 21.06.2025].

Bachtin 1995, Twórczość Franciszka Rabelais'go a kultura ludowa średniowiecza i renesansu, Wydawnictwo Literackie, Kraków.

Bednorz M. 2023, Niepokorni. O Pomarańczowej Alternatywie Niepokorni. O Pomarańczowej Alternatywie | Sztuki Piękne [dostęp: 21.06.2025].

Botz-Bornstein T. 2014, The Problem of the "Double Ego" in Paul Delvaux and Edmund Husserl, https://www.academia.edu/8974463/The_Problem_of_the_Double [dostęp: 21.06.2025].

Breton A. 1925, Manifest surrealizmu file:///C:/Users/Helcia/Downloads/Andre-Breton-Manifest-surrealizmu.pdf [dostęp: 21.06.2025].

Breton 1931, Union libre https://www.poemes.co/lunion-libre.html [dostęp: 21.06.2025].

Burger M. 2002, Les manifestes: paroles de combat. De Marx à Breton, (21) Les manifestes: paroles de combat. De Marx à Breton, [dostęp: 21.06.2025].

de la Fontaine J. 2014, Bajki, Greg, Kraków.

Cywińska M. 2007, Manufaktura snów. Rozważania o polskiej poezji nadrealistycznej, Wydawnictwo Naukowe PWN, Warszawa.
Dali 1984, Fleurs surréalistes https://lockportstreetgallery.com/dali/salvador-dali-fleurs-surrealistes-flowers-for-gala/ [dostęp: 21.06.2025].
Dardzińska J., Dolata K. 2011, Wstęp, (w:) Dardzińska J., Dolata K. (red., wyb. i oprac.), Wszyscy proletariusze bądźcie piękni! Pomarańczowa Alternatywa w dokumentach aparatu represji PRL (1987–1989), Wydawnictwo IPN, Wrocław.
Dobosz B., Fydrych W., 1989, Hokus-pokus, czyli Pomarańczowa Alternatywa, Inicjatywa Wydawnicza Aspekt, Wrocław.
Éluard 1926: Éluard Paul, Poèmes https://www.poetica.fr/poeme-7736/paul-eluard-poemes/ [dostęp: 21.06.2025].
Feenstra J., Borst M. 2011, Interview met voormalig provo en kabouter Roel van Duijn http://www.roelvanduijn.nl/wp-content/uploads/2011/04/interview_roelvanduijn_200311.pdf [dostęp: 21.06.2025].
Fydrych W. 2006, Krasnoludki i gamonie, Wydawnictwo Pomarańczowa Alternatywa, Warszawa.
Fydrych W., 2013, Major, Narodowe Centrum Kultury, Warszawa.
Fydrych W. 1983, Manifest kwiatów http://w.orangealternativemuseum.pl/#major-waldemar-fydrych-opowiadania [dostęp: 21.06.2025].
Fydrych W. 1981, Manifest Surrealizmu Socjalistycznego http://www.orangealternativemuseum.pl/#manifest-surrealizmu-socjalistycznego [dostęp: 21.06.2025]. /
Fydrych 1982, Nie ma wolności bez krasnoludków http://www.majorfydrych.com/ [dostęp: 21.06.2025].
Fydrych W. 1983–1985, Pomarańczowa Alternatywa. Sześć opowiadań http://www.orangealternativemuseum.pl/#major-waldemar-fydrych-opowiadania [dostęp: 21.06.2025].
Gourgaud N. 1993, De l'agit – prop au happening: Alternative Orange, Lille thèses, Lyon.
Heller 1989, Maszyna i śrubki. Jak hartował się człowiek sowiecki, Wydawnictwo Pomost, Warszawa
Huizinga J., 2011, Homo ludens. Zabawa jako źródło kultury, Aletheia, Warszawa.
Imposti G. E., 2019, Guerra e nazionalismo nel futurismo italiano e nel futurismo russo (21) Guerra e nazionalismo nel futurismo italiano e nel futurismo russo [dostęp: 21.06.2025].

Jasieński B., 1921, Do narodu polskiego. Manifest w sprawie natychmiastowej futuryzacji życia, Kraków 1921, https://literat.ug.edu.pl/bruno/034.htm [dostęp: 21.06.2025].

Marcuse H. 1991, Człowiek jednowymiarowy, Państwowe Wydawnictwo Naukowe, Warszawa.

Marks K., Engels F., 1847, Manifest partii komunistycznej https://www.marxists.org/polski/marks-engels/1848/manifest.htm [dostęp: 21.06.2025].

Misztal B. 1992, Between the State and Solidarity: One Movement, Two Interpretations – The Orange Alternative Movement in Poland, The British Journal of Sociology, Seria 43, nr 1, s. 55–78.

Moldovan-Cywińska M., Myśli staroświeckiej Polki (maszynopis niedatowany).

Muzeum Pomarańczowej Alternatywy http://www.orangealternativemuseum.pl/ [dostęp: 21.06.2025].

O Fundacji https://www.pomaranczowa-alternatywa.pl/ [dostęp: 21.06.2025].

Pajęcka A. 2024, Surrealistyczna mapa świata https://czaskultury.pl/artykul/surrealistyczna-mapa-swiata/ [dostęp: 21.06.2025].

Perche L., 1963, Paul Éluard, Éditions universitaires, Paris.

Plezia M. 1958, Od Arystotelesa do „Złotej Legendy", IW „PAX", Warszawa.

Polizotti M. 1999, André Breton, Gallimard, Paris.

Romanienko L. A., 1987, Antagonizm, absurd i awangarda: rozbrojenie opresji sowieckich za pomocą środków teatralnych przez polski solidarnościowy ruch „Pomarańczowych http://www.orangealternativemuseum.pl/#lisiunia-a-romanienko-esej [dostęp: 21.06.2025].

Lurker M. 2023, Przesłanie symboli w mitach, kulturach i religiach, Wydawnictwo Aletheia, Warszawa.

Krzysztof Skiba, http://www.orangealternativemuseum.pl/#stan-wojenny-i-krasnoludki/memories [dostęp: 21.06.2025].

Skrabek A., 2016, Histeria, czyli o sztuce ekspresji w szpitalu Salpêtrière https://www.academia.edu/28493860/Histeria_czyli_o_sztuce_ekspresji_w_szpitalu_Salp%C3%AAtri%C3%A8re [dostęp: 21.06.2025].

Sobolewski W., niedatowany, Krótki kurs WP(a). Warszawska Pomarańczowa Alternatywa we wspomnieniach i drukach" http://www.orangealternativemuseum.pl/files/10_Publikacje_Publications/07_Wojciech%20Sobolewski_Esej/Krotki%20Kurs%20WPA.pdf [dostęp: 21.06.2025].

Sławiński J., 1961, O poezji Jana Brzękowskiego, „Twórczość" 1961, nr 9, s. 94–95.

Tyszka J., 1998, Orange Alternative: street happenings as social performance in Poland under Martial Law http://www.orangealternativemuseum.pl/

files/10_Publikacje_Publications/04_Juliusz%20Tyszka_Esej/Juliusz%20Tyszka.pdf [dostęp: 21.06.2025].
Van Duijn R. 1985, Provo: de geschiedenis van de provotarische beweging 1965–1967, Meulenhoff, Amsterdam.

Marta MOLDOVAN-CYWIŃSKA

FREEDOM - JOY - CONTESTATION, OR ON THE INTERDISCIPLINARY DIMENSIONS OF THE SURREALIST MOVEMENT ORANGE ALTERNATIVE WITH REGARD TO PROGRAM TEXTS

Summary

This text is a contribution to the study of the influence of French Surrealism on the Orange Alternative protest-art movement with particular reference to its street activities and programmatic texts. The author presents the most important forms of the movement's activity and briefly its most important program texts publications with particular reference to the Manifesto of Socialist Surrealism, Manifesto of Flowers by Waldemar "Major" Fydrych. Included in the text are references to the concepts of freedom, joy and contestation as ideological pillars of the Orange Alternative.

УДК 811.163.3’271.1:642.09

Ѓоко НИКОЛОВСКИ
Филозофски факултет
Универзитет во Марибор
gjoko.nikolovski@um.si

Ирина ПЕТРОВСКА
Факултет за туризам и угостителство
Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола
irina.petrovska@uklo.edu.mk

Климент НАУМОВ
Факултет за туризам и угостителство
Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола
kliment.naumov@uklo.edu.mk

МАКЕДОНСКАТА ЈАЗИЧНА НОРМА ВО РЕСТОРАНСКОТО МЕНИ НА ЕДЕН ОД НАЈДОБРИТЕ СКОПСКИ РЕСТОРАНИ СПОРЕД ПОРТАЛОТ *TRIPADVISOR*

Апстракт: Овој труд ја анализира појавата на јазични грешки во ресторанските менија, со фокус на едно од најдобро оценетите менија во Скопје. Целта е да се утврдат видовите и фреквенцијата на интерпункциските, правописните, граматичките и лексичките грешки. Теоретскиот дел ги разгледува поимот *мени*, неговата структура, јазичната норма и улогата на туѓата лексика. Посебно се истакнува значењето на јазичната правилност како фактор за јасност, професионалност и за доверба кај гостите. Анализата покажува дека грешките се јавуваат на сите јазични рамништа, при што најзастапени се правописните и интерпункциските. Истражувањето потврдува дека и високорангирани ресторани не посветуваат доволно внимание на јазичната редакција. Резултатите укажуваат на потреба од поголема јазична стандардизација и соработка со јазични стручњаци.

Клучни зборови: јазична норма, ресторански менија, правописни грешки, туѓа лексика, македонски јазик

1. Вовед. Во менијата на ресторaните често се појавуваат бројни правописни, граматички и лексички грешки, кои се резултат на недоволното

познавање на јазичната норма во соодветниот јазик, но и на надворешните јазични влијанија. Токму затоа оваа тема е сосредоточена на јазичните грешки во менито на еден од најдобро оценетите скопски ресторани според порталот *Tripadvisor*. Конечната цел е да се утврди колку видови различни грешки се застапени и кои грешки се појавуваат најчесто. Сметаме дека оваа тема е важна и за угостителите, кои ги користат, читаат и составуваат менијата. Трудот е составен од теоретски дел, во кој се разгледуваат следните соджини: (1) кратка историја и дефиниција на поимот *мени*, (2) структура на *менито*, (3) јазичната норма и менијата, (4) интерпукциски, правописни, граматички и лексички содржини во менијата, (5) туѓа лексика во македонскиот јазик. Теоретскиот дел претставува база за аналитичкиот дел со претставената методологија и направената анализа и интерпретација на јазичните грешки во анализираното мени.

2. Теоретски дел.

2.1. Дефиниицја на поимот. Почетоците на составувањето на менијата датираат од средниот век. Во 19 век тие биле составувани од познати готвачи (Антонин Карем, Урбен Дибоа, Емил Бернар и Огист Ескофје) на европските дворови. Се претпоставува дека првото мени во денешната форма било достапно во 1541 година на свечена гозба во Регенсбург. Менијата содржеле 14 јадења (ходови), додека денешните содржат најмногу шест. Редоследот на јадењата бил познат уште во античко време. Денес редоследот главно ги следи првобитните менија, само што некои јадења се изоставени или се споени со јадења во ходовите што останале. Задолжително, сепак, мора да има главно месно јадење и десерт (Novak, Lenarčič 2009; Kukanja 2012). „Во прехранбеното угостителство некогаш составувањето на менито било исклучиво во доменот на шефот на кујната“ (Kukanja 2012: 69), додека денес се земаат предвид желбите, потребите и прехранбените навики на поединечните гости (диети, вера, држава, пригоди, вегани, вегетаријанци и сл.).

За поимот *мени* во речникот на македонскиот и на англискиот јазик ги среќаваме следните дефиниции.

Толковен речник на македонскиот јазик (ТРМЈ)	**Речник на англискиот јазик (Оксфорд)**
1. Список и ценовник на јадења во угостителски објект што им се дава на гостите за да изберат. 2. Утврден избор на јадење за еден оброк. **2.** Computing a list of commands or facilities displayed on screen.	**1.** a list of dishes available in a restaurant. “the waiter handed her a menu”

Разликата во дефинирањето на поимот *мени* во Толковниот речник на македонскиот јазик и во Речникот на англискиот јазик се согледува во обемот и значењата што му се припишуваат на овој поим. Во Толковниот речник на македонскиот јазик поимот мени е дефиниран исклучиво во контекст на угостителството. Тој се објаснува, од една страна, како список и ценовник на јадења во угостителски објект, а од друга страна, како однапред утврден избор на јадења за еден оброк. Така, македонскиот речник го ограничува значењето на поимот *мени* во прехранбената и в гастрономската сфера. Наспроти тоа, во Речникот на англискиот јазик, поимот има пошироко значење. Покрај тоа што се дефинира како однапред избрано јадење или оброк во ресторан или ресторан, исто така, и како список на јадења за конкретен оброк, англискиот речник вклучува и дополнително, посовремено значење од областа на информатиката. Во тој контекст, *мени* означува список на можности прикажани на екранот на електронските уреди, кои му стојат на располагање на корисникот при нивното управување. Оттука, може да се заклучи дека основната разлика меѓу двата речника е во тоа што македонскиот речник го дефинира поимот *мени* во потесна, угостителска смисла, додека англискиот речник му припишува и дополнително, технолошко значење, со што дефиницијата е поширока и повеќезначна.

2.2. Структурата на ресторанските менија. Ресторанското мени е внимателно дизајниран документ што не служи само како список на понудени јадења и пијалаци, туку и како маркетиншка и комуникациска алатка. Неговата структура има клучна улога во насочувањето на изборот на гостите, во обликувањето на очекувањата и во влијанието врз потрошувачкото однесување. Повеќето ресторански менија следат логична и стандардизирана структура, започнувајќи со вовед или заглавие. Овој дел, обично, го содржи името на ресторанот, логото, типот на кујна и понекогаш краток опис или

слоган што го одразува концептот и идентитетот на објектот (Walker 2017: 211–238).

Главниот дел од менито најчесто е поделен на секции според редоследот на оброците. Вообичаени секции се предјадења, супи и салати, главни јадења, прилози и десерти. Во некои менија, особено во ресторани со висока гастрономија или дегустациски менија, јадењата се организирани според кулинарски техники или тематски групи на состојки, а не според класичниот редослед на оброци (McVety et al. 2018: 21–45). Друг значаен структурен елемент е делот за пијалаци, кој може да биде интегриран во менито или прикажан во посебен документ. Пијалаците најчесто се групираат во категории како безалкохолни пијалаци, вина, пива и жестоки пијалаци. Листите на вина, особено, можат да имаат посложена структура и да бидат организирани според земја, регион, сорта на грозје или цена (Davis et al. 2019: 233–258).

Менијата често вклучуваат описни називи и описи на јадењата. Овие описи ги истакнуваат состојките, начинот на подготовка и сензорните карактеристики, со цел да се зголеми привлечноста и перципираната вредност на јадењето. Структурно, описите најчесто се поставени веднаш под називот и цената на јадењето, со што се создава конзистентен визуелен распоред што ја олеснува читливоста (Magnini, Kim 2016: 42–48). Структурата на цените претставува уште еден важен елемент. Цените може да бидат прикажани во колони, дискретно поставени до описите или вметнати во самиот текст, во зависност од ценовната стратегија и целната публика на ресторанот. Истражувањата покажуваат дека суптилното прикажување на цените може значително да влијае врз потрошувачкото однесување на гостите (Kimes 2011: 62–72).

Многу современи менија содржат дополнителни информативни елементи, како симболи за вегетаријански, вегански или алергенски опции, нутритивни информации или напомени за одржливост и потекло на состојките. Овие информации најчесто се поставуваат на дното на менито или се означуваат со икони за да не се наруши основната структура (Jones, Lockwood 2004: 295–310). Од аспект на ова, произлегува дека структурата на ресторанското мени е намерна и повеќефункционална. Преку јасна организација во секции, конзистентен распоред и вклучување описни и информативни елементи, менито ги насочува изборите на гостите и истовремено го зајакнува концептот и идентитетот на ресторанот.

3. Јазичната норма и менијата. Менијата на ресторaните се текстови достапни за поширокатa јавност, затоа, според законодавството, треба да

бидат напишани во согласност со јазичната норма. Станува збор за правила утврдени според Законот за употреба на македонскиот јазик (ЗУМЈ, 2024). Членот 4 во ЗУМЈ наложува, меѓу другото, и правилна употреба на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо во јавната и службената комуникација на Републиката, но и во законодавната, во судската и во извршната власт, како и од страна на правните лица основани со Устав и со закон во меѓусебната комуникација, при што може да се заклучи дека угостителските објекти се дел од јавната комуникација, но и дел од системот на правни лица, во кој е наложена правилната употреба на македонскиот јазик. Од ова произлегува дека при означувањето и претставувањето на производите и услугите, давателите на услуги се должни на потрошувачот да му ги достават потребните информации за производот или услугата на македонски јазик. Овие текстови мора да бидат напишани видливо, читливо, разбирливо за корисникот и во стандарднојазична форма, што се совпаѓа со нормативните прирачници за македонскот јазик: *Правопис на македонскиот јазик* (2017), *Граматика на македонскиот јазик* (Конески 2021), *Синтакса на македонскиот јазик* (Минова - Ѓуркова 2000).

Јазичната правилност претставува клучен аспект при изработката на менија, бидејќи менијата не функционираат само како практични списоци на јадења, туку и како значајни комуникациски и промотивни текстови. Правилната употреба на јазикот влијае на јасноста, професионалноста и кредибилитетот, додека јазичните грешки можат негативно да влијаат врз перцепцијата на гостите за квалитетот на храната и врз целокупниот имиџ на ресторанот (Walker 2017: 211–238). Една од основните функции на јазичната правилност е обезбедување јасна и недвосмислена комуникација. Точната терминологија, правилната граматика и доследното именување на јадењата им помагаат на гостите јасно да разберат што се нуди и го намалуваат ризикот од недоразбирања, особено во менија што содржат специјализирани кулинарски термини или заемки од странски јазици (McVety et al. 2018: 21–45). Неточната формулација или лошиот превод можат да доведат до забуна, незадоволство или, дури, и до ризици поврзани со алергени.

Јазичната правилност има важна улога и во градењето доверба и перципиран квалитет. Истражувањата во областа на угостителството покажуваат дека правописните и граматичките грешки, како и несоодветните формулации, ја намалуваат довербата на гостите во ресторанот и ги снижуваат нивните очекувања за квалитетот на услугата и храната (Magnini, Kim 2016: 42–48). Наспроти тоа, добро напишаното мени пренесува впечаток на

внимателност и професионалност. Во повеќејазични или туристички контексти, јазичната точност станува уште позначајна. Менијата преведени на странски јазици мора да ги почитуваат граматичките норми и културните конвенции на целниот јазик. Лошите преводи или буквалните преводни решенија можат да го нарушат значењето, да му наштетат на угледот на ресторанот и да ја намалат неговата меѓународна привлечност (Davis et al. 2019: 233–258). Јазичната правилност ја поддржува и маркетиншката функција на менијата. Описниот јазик што е граматички правилен и стилски соодветен ја зголемува сензорната привлечност на јадењата и позитивно влијае врз одлуките за нарачка (Kimes 2011: 62–72). Доследната терминологија и стандардизираниот јазик, исто така, придонесуваат за јасен и препознатлив бренд-идентитет. Со обезбедување точен, јасен и соодветен јазик, ресторaните можат да го зајакнат својот професионален имиџ и да го подобрат целокупното гастрономско искуство (Jones, Lockwood 2004: 295–310). Врз основа на ова може да се заклучи дека јазичната правилност при изработката на менија не е споредна техничка појава, туку суштинска компонента на ефикасната комуникација, задоволството на гостите и позиционирањето на брендот. Јазичната содржина на ресторанските менија претставува клучен елемент на ефективна комуникација и маркетинг. Менијата не служат само за да ги наведат достапните јадења; тие го претставуваат брендот на ресторанот, го пренесуваат квалитетот на понудената храна и ја обликуваат перцепцијата на гостите. Затоа, обезбедувањето точна јазична содржина – правилен правопис, граматика и соодветен вокабулар – е од суштинско значење (Walker 2017: 211–238).

3.1. Интерпункциски, правописни, граматички и лексички содржини во менијата. Правописните правила во менијата се многу важни зашто погрешно напишаните имиња на јадења или листи на состојки може да создадат забуна, да ја намалат кредибилноста на ресторанот и да го намалат перципираниот квалитет на храната. Ова е особено важно за менија што вклучуваат странски зборови или регионални кулинарски термини, каде што погрешниот правопис може да ја менува суштината на јадењето или дури да доведе до недоразбирања во врска со состојките (Magnini, Kim 2016: 42–48). Во анализираните менија најчеста е употребата на големата и на малата буква, употребата на поединечни интерпункциски знаци (точка, запирка, коса црта, цртичка, заграда) и запишувањето зборови од домашно и од туѓо потекло.

Граматиката во менијата е уште еден клучен елемент. Многу менија користат кратки описни фрази наместо цели реченици, но дури и во

овој формат треба да се почитуваат граматичките правила. На пример, паралелната структура при наведување состојки или начини на подготовка обезбедува лесно читање и естетска привлечност, со што се подобрува вкупното искуство на гостите (McVety et al. 2018: 21–45).

Вокабуларот е критичен за пренесување на имиџот на ресторанот и сензорните карактеристики на јадењата. Менијата често користат евоцирачки, апетитни зборови за да ги опишат состојките, техниките на готвење и вкусовите. Изборот на вокабулар може да влијае врз очекувањата на гостите, да ги насочи нивните избори и дури да поттикне поголеми трошоци. На пример, термини како „домашно приготвено“, „полека печено“ или „крцкаво“ ја зголемуваат сензорната привлечност и ја потенцираат квалитетноста на јадењето (Kimes 2011: 62–72). Истовремено, доследната употреба на кулинарски термини спречува забуна и обезбедува дека јадењата се разбрани и од различни групи гости, особено во меѓународни или туристички контексти (Davis et al. 2019: 233–258). Јазичната содржина на менијата треба да ги земе предвид и културните и правните аспекти. Одредени зборови или фрази можат да имаат различни конотации во различни јазици, а информации за алергени или диететски барања треба да се пренесат точно. Јасниот и стандарден јазик не само што ја промовира безбедноста, туку и ги исполнува маркетиншките и регулаторните стандарди (Jones, Lockwood 2004: 295–310).

Јазичната содржина – вклучувајќи ги правописот, граматиката и вокабуларот – е суштински дел на менијата. Точниот и внимателно избран јазик носи јасност, го зајакнува идентитетот на брендот, го подобрува гастрономското искуство и позитивно влијае врз однесувањето на гостите. Менијата со прецизна јазична содржина се моќни алатки за комуникација, маркетинг и задоволство на клиентите.

3.2. Туѓата лексика во менијата на македонски јазик. Лексиката на македонскиот јазик, како и лексиката на другите јазици, се состои од две основни категории, кои понатаму се разгрануваат на повеќе поткатегории. Во македонскиот јазик тие две главни групи се домашните, односно автохтони зборови, и странските, односно туѓи зборови. Странските зборови во македонскиот јазик можат да станат дел од активната или пасивната лексика преку сродни, односно блиски јазици, како што се словенските, но и преку јазици што не се сродни. Во теоријата се разликуваат два основни начина на заемање туѓа лексика: (1) директно преземање, кое произлегува од непосредни контакти меѓу народите и нивните јазици и (2) индиректно заемање, односно преземање преку посредство на трет јазик. Врз основа на овие

начини, во македонскиот јазик директно се вклучени зборови од српскиот, рускиот и бугарскиот јазик, додека индиректно се присутни лексеми со арапско и персиско потекло, кои навлегле преку турскиот јазик (Бојковска, Пандев, Минова - Ѓуркова, Цветковски 2008; Груевска - Маџовска 2022). Од втората половина на 20 век, а посебно во 21 век, и за заемки од англискиот јазик, но и од други светски јазици. Со оглед на тоа дека се занимаваме со лексика во менијата, може да се направи поделба на: (1) туѓа лексика за прехранбени производи, (2) туѓа лексика за овошје, (3) туѓа лексика за зеленчук, (4) туѓа лексика за солени специјалитети, (5) туѓа лексика за благи специјалитети и (6) туѓа лексика за пијалаци. Поради историското и културно влијание на турскиот јазик на овие простори, типичен пример за тоа се позајмените зборови од/преку турскиот јазик, но, во поново време, и од/преку англискиот јазик,[1] што е прикажано преку избрани примери во Табелата 1.

Табела 1: Избрани примери на турска и на англиска лексика во македонскиот јазик

	Турски	**Англиски**
прехранбени производи	мак. *бибер, зејтин, кафе, лимонтуз, пекмез, сусам, шеќер ...*	мак. *кечап, мајонез, сос (*барбекју-сос, *чили-сос) ...*
зеленчук	*маѓданос, марула, нане, пашлиџан, спанаќ ...*	**бејби-моркови, брокола, целер ...*
овошје	*бадем, бостан, кајсија, леблебија, мушмула, портокал ...*	*авокадо, грејпфрут, киви ...*
разновидни солени специјалитети/јадења	*бубреѓ, бурек, ѓеврек, џигер, јуфка, кајмак, каша, маџа, мезе, пача, пивтија, пита, попара, салата, сарма, симит-поѓача, суџук, тарана, таратур, турли-тава, туршија, ќебап, чкембе, чорба ...*	**бургер, *клуб-сендвич, *корнфлекс, сендвич, стек, тост, *фиш-енд-чипс, хамбургер, *хот-дог, *чизбургер, чипс ...*

[1] Бабамова (1993), во својата лингвистичка анализа, се фокусира на директните заемки од англискиот јазик во македонскиот јазик. Таа анализирала приближно 1.200 директни заемки и 30 калкови.

	Турски	**Англиски**
разновидни благи специјалитети/јадења	*баклава, арабаниja, кадаиф, ӣурабии, алва, локум, суӣлијаш ...*	**брауни, кекс, мафин, *чизкејк ...*
пијалаци	*боза, јоӣурӣ, ракија, салеӣ, чај ...*	**милкшејк, *смуӣи, коктел, енерӣеӣски ӣијалак ...*

* Лексемата не е дел од ТРМЈ.

Табелата 1 прикажува лексеми од турско потекло што се употребуваат во македонскиот јазик во областа на гастрономијата, при што заемките се систематизирани според семантички полиња: прехранбени производи, зеленчук, овошје, солени и благи јадења, како и пијалаци. Ваквата класификација овозможува јасен увид во различните слоеви на лексичко заемање и во нивната функционална распределба.

Турските заемки доминираат во традиционалниот гастрономски лексикон и најчесто се однесуваат на основни прехранбени производи и јадења што се длабоко вкоренети во секојдневната исхрана и културната традиција. Лексемите како *бибер, зеӣин, ӣекмез, маӣданос, бурек, сарма, чорба* и *баклава* сведочат за долготрајното историско и културно влијание на турскиот јазик, кое резултирало со целосна интеграција на овие зборови во македонскиот лексички систем. Овие заемки се целосно адаптирани на фонолошко, морфолошко и семантичко ниво и денес не се перципираат како туѓи елементи.

Англиските заемки, напротив, најчесто се поврзуваат со современи прехранбени производи, нови видови зеленчук и овошје, како и со модерни јадења и пијалаци карактеристични за глобализираната култура на исхрана. Лексемите како *бурӣер, чизбурӣер, хоӣ-доӣ, смуӣи*, *милкшејк* и *енерӣеӣски ӣијалак* се одраз на поновите културни и економски влијанија и сè уште покажуваат различен степен на адаптација. Дел од нив се означени со ѕвездичка, што укажува на нивен статус на понови или сè уште нестандардизирани заемки, често задржани во блиска форма до оригиналниот англиски израз.

Во однос на семантичката распределба, може да се забележи дека турските заемки се поброjни во категориите „разновидни солени специјалитети/јадења“ и „благи специјалитети“, што кореспондира со богатата ориентална кулинарска традиција. Англиските заемки, пак, доминираат во категориите поврзани со брза храна и современи пијалаци, што упатува на влијанието на масовната култура и на современите трендови во исхраната.

Табелата јасно ја отсликува дијахроната и синхроната слоевитост на гастрономската лексика во македонскиот јазик. Турските заемки претставуваат стабилен и традиционален лексички слој, додека англиските заемки се динамичен и продуктивен слој што постојано се проширува. Нивната коегзистенција ја потврдува отвореноста на македонскиот јазик кон заемање, но и неговата способност за интеграција и прилагодување на туѓите елементи во сопствениот јазичен систем.

5. Анализа. Во анализата методолошки се ограничуваме на најдобро оценетиот ресторан во Скопје во месец февруари 2026 год., според порталот *Tripadvisor*. При истражувањето на јазичните грешки поаѓаме од следниве истражувачки прашања: (1) Колку различни видови грешки има во менито? (2) Кои видови грешки се најчести при запишување на јадењата и пијалаците? (3) Кои видови грешки се најчести при употребата на знаци за интерпункција? (4) Кои се најчестите лексички грешки во менито? Врз основа на поставените прашања, ги формираме следниве хипотези: (1) анализираното мени содржи интерпункциски и правописни грешки, (2) анализираното мени содржи граматички грешки и (3) анализираното мени содржи лексички грешки.

Табела 2: Анализа на јазичните грешки во менито на најдобриот ресторан во Скопје според порталот *Tripadvisor*.

Вид на грешка	**Опис на грешката**	**Избран(и) пример(и) со корекција**
Употреба на интерпункција		
точка (.)	излишно пишување точка на крајот од заглавието или набројувањето	*сирење, домаќ, пиперки, кромид.* → *сирење, домаќ, пиперки, кромид*
запирка (,)	непишување запирка при набројување	
	непишување запирка	*Козјо сирење во маслиново масло зачинето со 7 врсти зачина* → *Козјо сирење во маслиново масло, зачинето со 7 врсти зачина*

Вид на грешка	**Опис на грешката**	**Избран(и) пример(и) со корекција**
загради ()	неправилно ставање загради (со белина зад или пред заградата)	*(јунешки мускул, свинска коленица,сос од печурки) → (јунешки мускул, свинска коленица, сос од печурки)*
	непотребни/излишни загради	*Пилешки стек (Каталониа) → Пилешки стек Каталонија или Пилешки стек „Каталонија“;* *Пилешки стек (Марокана) → Пилешки стек Марокана или Пилешки стек „Марокана“;*
црта (тире) (–)		
цртичка		
наводници „“	погрешен вид наводници односно полунаводници (’‘) и (‘’)	*Полнето свинско филе ’‘Каталонија’‘→ Полнето свинско филе „Каталонија“; Бифтек ’‘Два елена’‘→ Бифтек „Два елена“ или Бифтек Два елена;*
	можна употреба на наводници	*Тортелини Два елена →* или *Тортелини „Два елена“* *Палачинка Два елена →* или *Палачинка „Два елена“*
Употреба на белина		
	неправилна употреба на белина зад или пред интерпункциски знак	*маслиново ,сирење , лук → маслиново, сирење, лук*
	неправилна употреба на белина зад или пред или зад збор	*1500ден → 1500 ден.*
Кратење на зборови		
	неправилно кратење	*ден → ден.* *ір. → g (ірам)*
Употреба на мала буква		

Вид на грешка	**Опис на грешката**	**Избран(и) пример(и) со корекција**
Употреба на голема буква		*Печурки шамтињони → Печурки Шамтињони* или само *Шамтињони*
	неправилно пишување	*Пилешки стек каталонија → Пилешки стек Каталонија* или *Пилешки стек „Каталонија“* *Шпагети песто → Шпагети со/во Песто* или *Шпагети „Песто“* или *Шпагети Песто*
Граматички грешки		
	употреба на предлози	*Свинско филе со портокал и мед → Свинско филе со портокал и со мед;* *Биено козјо сирење (скара) → Биено козјо сирење на скара* *Свинско филе со врјањ сос → Свинско филе со сос од врјањ*
	погрешен запис	*Арабиата → Арабијата* *Каталониа → Каталонија* *Свински шашлиќ – Свински шашлик*
	погрешен ред на зборови во синтагми	*Орео торта → Торта Орео*; *Цезар салата → Салата Цезар* или *само Цезар*; *Туна салата → Салата со туна* или *само Туна*; *Свинско филе со врјањ сос → Свинско филе со сос од врјањ*
	погрешна форма на збор	*Татар бифтек → Тартарски бифтек*
Лексика		
	несоодветна лексика	*за две особи → за две лица*

Вид на грешка	**Опис на грешката**	**Избран(и) пример(и) со корекција**
	туѓа лексика	*Козјо сирење во маслиново масло зачинето со 7 врсти зачина → Козјо сирење во маслиново масло, зачинето со седум видови зачини;* *Рижото → Ризото;* *јагнешко печење → печено јагнешко месо;* *Италјанска салата → Италијанска салата;* *Роловани стаичиња → Намотани стаичиња;* *Аљо олио (итал. Aglio e olio) → Шпагети со лук и со масло;* *Вегетаријано → Вегетаријански шпагети;* *Гарден гурмет бургер веган → Вегански бургер;* *Гарден гурмет филет пицес → Вегански рибји стаичиња;* *Гарден гурмет филет нагетс → Вегански пилешки стаичиња* *Кватро формаџи → Шпагети со четири сирења;* *Бела вешалица → Бело чадено месо?*
	непотребна/излишна лексика	*Сладолед порција → Сладолед* или *Порција сладолед*; *Козјо сирење во маслиново масло зачинето со 7 врсти зачина → Козјо сирење во маслиново масло* *Фазан цел во тавче со ориз → Фазан во тавче со ориз*

Табелата ги прикажува најчестите јазични и правописни грешки забележани во називите на јадења, при што за секоја категорија се наведени типични примери и нивни нормативно прифатливи корекции. Анализата покажува дека грешките се појавуваат на повеќе јазични рамништа: интерпункциско, правописно, граматичко и лексичко.

На интерпункциско ниво најчести се грешките поврзани со неправилна употреба на точката и запирката. Се забележува излишно ставање точка на крајот од набројувања и заглавија, како и изоставување запирка при набројување или пред партициписки конструкции. Овие отстапувања укажуваат на недоволно познавање на основните правила за интерпункција во македонскиот јазик. Слично, неправилната употреба на загради (вклучително и ставање белина пред или по нив, како и нивна излишна употреба) ја нарушува визуелната и јазичната уредност на текстот.

Грешките поврзани со наводниците се исто така фреквентни. Често се користат полунаводници или несоодветни знаци, наместо нормативните македонски наводници „ “, што укажува на влијание од други јазични системи и дигитални навики. Во одредени случаи се забележува и неоправдано изоставување наводници кај имиња на јадења што функционираат како сопствени називи.

На правописно ниво, неправилната употреба на белината претставува посебен проблем. Се јавуваат грешки и пред и по интерпункциски знаци, како и кај записот на броеви и парични единици. Овие грешки, иако на прв поглед ситни, значително го намалуваат степенот на јазична коректност и професионалност на текстот. Во ист контекст спаѓа и неправилното кратење зборови, особено кај ознаките за мерки и парични единици.

Во однос на употребата на голема и на мала буква, се забележува недоследност во пишувањето на имињата на јадењата. Често не се разликува кога зборот има општо значење, а кога функционира како сопствено име, што доведува до неправилно пишување со мала или голема почетна буква.

Граматичките грешки се манифестираат преку неправилна употреба на предлози, погрешен ред на зборови во синтагмите и несоодветна форма на одделни зборови. Особено се издвојуваат калкирани конструкции и директни преводи што не се во согласност со синтаксичките правила на македонскиот јазик.

На лексичко рамниште доминираат две појави: употреба на туѓа лексика и употреба на несоодветна или излишна лексика. Честата употреба на странски зборови, најчесто од италијанскиот и англискиот јазик, без нивна адаптација или замена со соодветен македонски еквивалент, го потиснува домашниот лексички фонд. Истовремено, се забележува и тенденција кон непотребно оптоварување на називите со зборови што не носат нова информација.

Севкупно, табелата укажува на недоволна јазична редакција на текстовите во менијата и на потребата од поголемо внимание кон нормативните правила на македонскиот литературен јазик. Корекциите што се

предложени не само што ја подобруваат јазичната точност туку придонесуваат и за поголема јасност, стандардизација и професионален впечаток на понудата.

6. Заклучок. Предмет на трудот беше анализата на јазичните грешки во ресторанско мени, при што истражувањето се фокусираше на менито на најдобро оценетиот ресторан во Скопје во месец февруари 2026 год. според порталот *Tripadvisor*. Основната цел беше да се утврдат видовите јазични грешки што се појавуваат во ваков тип јавни текстови и да се идентификуваат најфреквентните отстапувања од јазичната норма на македонскиот литературен јазик.

Резултатите од анализата потврдија дека и во менито на ресторан со висок рејтинг се присутни бројни јазични грешки, со што се потврдија сите поставени хипотези. Грешките се јавуваат на повеќе јазични рамништа: интерпункциско, правописно, граматичко и лексичко. Најзастапени се интерпункциските и правописните грешки, особено неправилната употреба на точка, запирка, загради, наводници и белина, како и недоследноста во употребата на голема и на мала буква. Овие грешки укажуваат на недоволно познавање или непочитување на основните правописни правила, но и на отсуство на јазична редакција при изработката на менито. Граматичките грешки, иако помалку бројни, се значајни од аспект на јазичната правилност и разбирливост. Тие најчесто се однесуваат на неправилна употреба на предлози, погрешен ред на зборови во синтагмите и несоодветна форма на одделни зборови, што во голема мера е резултат на калкирање од странски јазици. Лексичките грешки, пак, ја отсликуваат динамиката на заемање во гастрономската лексика, но и проблемите што настануваат при некритичка употреба на туѓи зборови, особено од англискиот и италијанскиот јазик, без нивна соодветна адаптација или замена со домашни еквиваленти. Анализата на туѓата лексика покажа дека турските заемки претставуваат стабилен и целосно интегриран слој во македонскиот гастрономски речник, додека англиските заемки се понов, сè уште нестандардизиран и продуктивен слој, кој често придонесува за појава на лексички и правописни отстапувања. Оваа состојба дополнително ја нагласува потребата од внимателен и нормативно заснован пристап при употребата на странска лексика во јавни текстови.

Истражувањето укажува дека ресторанските менија, иако често се перципираат како секундарни или неформални текстови, имаат значајна комуникациска, информативна и маркетиншка функција и затоа мора да бидат усогласени со јазичната норма. Со оглед на тоа што менијата се дел

од јавната комуникација и подлежат на законска регулатива, нивната јазична правилност не е само прашање на стил и професионалност, туку и на јазична култура и одговорност. Овој труд покажува дека е неопходно поголемо внимание кон јазичната редакција на менијата, како и соработка меѓу угостителите и јазичните стручњаци. На тој начин би се придонело кон унапредување на јазичната култура во јавниот простор, заштита и афирмација на македонскиот литературен јазик, како и кон создавање појасна, попрофесионална и поквалитетна комуникација со корисниците на угостителските услуги.

Користена литература

на кирилица

Бабамова, Е. 1993. *Адаптација и асимилација на англизмите во македонскиот јазик*. (Докторска дисертација). Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет – Скопје, Скопје.

Бојковска, С., Лилјана Минова-Ѓуркова, Л., Пандев, Д., Цветковски, Ж. 2008. Општа граматика на македонскиот литературен јазик. Скопје: Просветно дело.

Груевска-Маџоска, С. 2022. *Лексикологија на македонскиот јазик*. Книгоиздателство МИ-АН.

Конески, Б. 2021. *Граматика на македонскиот литературен јазик. Критичко издание во редакција на Катица Ќулавкова*. Приредиле Елена Петроска и Станислава Сташа Тофоска. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите.

Минова-Ѓуркова, Л. 2000. *Синтакса на македонскиот стандарден јазик*. Скопје: Магор.

Правопис на македонскиот јазик. Второ издание. 2017.

Мургоски, З. *Лексикографски портал на Зозе Мургоски*. https://zoze.mk/tolkoven/index.php

Толковен речник на македонскиот јазик. Ред. Кирил Конески, I–VI. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2003–2014.

на латиница

Davis, B., Lockwood, A., Pantelidis, I. S., & Alcott, P. 2019. *Food and beverage management* (6th ed.). Routledge.

Jones, P., & Lockwood, A. 2004. *The management of hotel operations*. Thomson Learning.

Kimes, S. E. 2011. The future of hotel revenue management. *Journal of Revenue and Pricing Management*, 10(1), 62–72. https://doi.org/10.1057/rpm.2010.46

Kukanja, M. 2012. *Management prehrambenih obratov: operativni procesi.* Koper: Založba Univerze na Primorskem.

Novak, B., Lenarčič, S. 2009. *Kuharska enciklopedija: svet gastronomije od A do Ž*. Ljubljana: Modrijan.

Magnini, V. P., Kim, S. 2016. The influences of restaurant menu font style, background color, and price presentation on consumers' perceptions. *International Journal of Hospitality Management*, 53, 42–48. https://doi.org/10.1016/j.ijhm.2015.11.004

McVety, P. J., Ware, B. J., Ware, C. L. 2018. *Fundamentals of menu planning*. Wiley.

Walker, J. R. 2017. *The restaurant: From concept to operation* (8th ed.). Wiley.

Gjoko NIKOLOVSKI
Irina PETROVSKA
Kliment NAUMOV

THE MACEDONIAN LANGUAGE NORM IN THE RESTAURANT MENU OF ONE OF THE BEST SKOPJE RESTAURANTS ACCORDING TO TRIPADVISOR

Summary

This paper analyzes the occurrence of language errors in restaurant menus, focusing on one of the highest-rated menus in Skopje. The aim is to identify the types and frequency of punctuation, orthographic, grammatical, and lexical errors. The theoretical section examines the concept of the menu, its structure, language norms, and the role of foreign lexis. Particular emphasis is placed on the importance of linguistic correctness as a factor contributing to clarity, professionalism, and customer trust. The analysis shows that errors occur at all linguistic levels, with orthographic and punctuation errors being the most frequent. The research confirms that even highly rated restaurants do not devote sufficient attention to language editing. The results indicate a need for greater linguistic standardization and collaboration with language experts.

ПРИЛОЗИ
REWIEWS, VARIA

УДК 929Миркуловска, Б.

Лидија АРИЗАНКОВСКА
Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
lidija.arizankovska@flf.ukim.edu.mk

СЛОВЕНИСТИКАТА ПРИ ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ – СКОПЈЕ И УЛОГАТА НА БИСТРИЦА МИРКУЛОВСКА
од почетоците до сега со оформувањето на СЛОВЕНЕЧКОТО КАТЧЕ

Пред точно една година, стоејќи пред вас од ова исто место, се обратив со тага во срцето, простувајќи се од нашата драга професорка, почнувајќи со зборовите: „Посакував денешнава средба да биде по повод претставувањето на некоја нова книга на мојата најдрага професорка, Бистрица (Крањец) Миркуловска, која неуморно твореше сиот свој животен век и која својата креативност и љубов кон книжевноста ја преточуваше преку пишаниот текст и книжевната реч.“

Со други зборови, ја навестив денешната средба (Скопје, 5.12.2025, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје): Свечено отворање на СЛОВЕНЕЧКОТО КАТЧЕ при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ ОД ОСТАВИНАТА НА М-Р БИСТРИЦА (КРАЊЕЦ) МИРКУЛОВСКА (1930-2024), заслужна за основањето на универзитетската словенистика на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, одбележување на 95-годишнината од нејзиното раѓање, една година од нејзиното упокојување и промоција на книгата „Ангелот од Курбиново и други стихови“ од Бистрица Миркуловска, постхумно издание, објавено во 2025.

Инспирацијата ја црпеше од семејството, пријателите и случувањата околу нас што таа будно ги следеше, обидувајќи се преку својот книжевен опус да испрати порака за мир, почит и љубов до светот.

Родена беше во Скопје 1930 година, но со словенечко потекло, затоа многупати милуваше да каже дека има две татковини: Македонија и Словенија. Оттука настана нејзината песна *Kje domovina si?*, напишана во ноември далечната 1951:

Tam je sever – tukaj je jug.
Tam je Triglav – tukaj je Korab.
Tam je Sava – tukaj je Vardar.
Tam je Ljubljana – tukaj je Skopje.
Tam so domovi prednikov in staršev.
Tam so domovi ... in grobovi ...
Tukaj je moj rojstni kraj –
In dom na Vodnu –
Grobov ni ...
Kje domovina si?
Od Triglava do Koraba?
Od Koraba do Triglava?
Kam se gre naprej?
Kam se gre nazaj?
Kam?
Kje domovina si**?**

Бистрица Миркуловска животот го поминува во Скопје, родниот град, во Македонија, каде што завршува основно училиште, средно училиште и факултет, се занимава со спорт, активно учествува во изградбата на повоената татковина преку т.н. работни акции, учествува и преку низа општествени ангажмани. Соработува со најзначајните имиња од нашиот факултет и од културниот живот уште од студентските денови, со Гане Тодоровски, Србо Ивановски, Матеја Матевски, Георги Сталев Поповски, Цане Андреевски, Анте Поповски, со професорите Димитар Митрев, Хараламие Поленаковиќ, Крум Тошев, Васо Томановиќ, Александар Спасов, а најмногу со Блаже Конески, кој е и нејзин ментор.

Во работата на Филолошкиот факултет се вклучува од учебната 1959/60 и активно учествува сè до 1990 година, кога се пензионира, но продолжува да учествува во наставниот процес до 1996 година. Таа е и првиот лектор по македонски и по словенечки јазик на Масариковиот универзитет во Брно, во периодот од 1995-1997 година.

Покрај наставата, во работата на Факултетот беше вклучена и со други функции, а беше и продекан за настава. Се грижеше за словенистиката и за студентите.

Сакајќи да им ја доближи словенечката литература и култура на македонските говорители, преведува од словенечки на македонски јазик, како и обратно, за што многупати е наградувана. Нејзиниот преведувачки опус е голем, како и нејзиниот авторски, особено книжевен опус, од

детска литература до прозни текстови и најмногу од сѐ поезија, хаику е последната.

Особено е препознатлива по творештвото за деца, многумина од нас овде сигурно ќе се присетат на книгите со кои расневме: „Цвеќенца“, „Првачиња“, „Виножито“, „Сите деца мили“, „Клучарчиња“, „Тополите на крајот од дедовата ливада“, „Лице и опачина“, „Цвеќе на мирот“.

Во последниот период пишува поезијата за возрасни и објавува книги од тој жанр, а автор е и на седум хаику-збирки.

Будно ги следи сите општествени промени и своите размисли ги пренесува преку книжевната реч, сметајќи дека така пораките побрзо ќе допрат до читателите чија задача е да го направат светот подобро место за живеење и дека писателите токму затоа не смеат да молчат пред предизвиците на времето.

За нејзината преведувачката дејност, книжевното творештво и општествената активност добитник е на низа награди, ќе споменам некои од нив: Потокарова повелба (1987), Златно перо (2001 и 2008), Кирил Пејчиновиќ (2002); награда за животно дело од Здружението на просветни работници-литературни творци на Македонија (2001); повеќе награди од Друштвото на писателите на Македонија, а за поетската збирка „Фатаморгана“ ДПМ во 2017 на Миркуловска ѝ ја доделува наградата „Даница Ручигај“.

Беше жена-борец, мајка, професор и научник, книжевник.

Знаеше да каже дека словенечката лоза од мајчина страна е долга, оттука произлезе книгата *Stoletna pot – Вековиш̄ паш̄*, објавена 2006 г. и посветена на мајка ѝ, која го прослави 100-тиот роденден.

Денес посмртно го чествуваме нејзиниот 95-ти.

Ја имав таа привилегија во животот да ја запознаам и како професор, и како писател, а најмногу од сѐ како човек, вистински хуманист, која пленеше со својата насмевка и милозвучен глас, со широка душа и позитивна енергија што ја одржуваше низ целиот животен век. Нашата релација траеше безмалку 40 години. Мојата прва средба со професорката беше во 1985 година, како студент на предавањата по словенечки јазик на нашиот Факултет, кои ги следев со задоволство, за што говори и мојата понатамошна професионална определба во изминативе 35 години. Ѝ благодарам за можноста да го продолжам она што таа го започна. Од 1990 година, вработувајќи се на Филолошкиот факултет, мојата мисија беше да го одржам она што таа го започна и да продолжам со развојот на словенистиката. Сиве овие години нѐ врзуваа многу настани, средби, разговори. Многупати тоа не беа само професионални разговори, туку пријателски и мајчински.

Повеќепати ја имав честа да ги промовирам нејзините нови книжевни остварувања.

Заедно во 2010 година ја прославивме 50-годишнината од изучувањето на словенечкиот јазик на нашиот Факултет, а за само еден месец (во октомври 2024 година) не го дочека одбележувањето на 65-годишнината од изучувањето на словенечкиот јазик на нашиот Факултет во присуство на гости-еминентни професори од Филозофскиот факултет при Универзитетот во Љубљана, воедно и наши долгогодишни соработници и поддржувачи во афирмацијата на словенистиката во Македонија и на македонистиката во Словенија.

Почнувајќи од 1959 година до денес, словенистиката го бележи својот нагорен развој и континуитет во одржувањето во наставните програми до степен на посебен студиум, од 2007 година наваму и нејзино присуство во програмите за трите циклуси на студии, научни истражувања, магистерски и докторски трудови посветени на словенистиката, како и реализација на бројни научни проекти, како и проекти од областа на култура во насока на одржувањето на релациите меѓу Македонија и Словенија. Очекувањата се младиот кадар да го продолжи започнатото, оправдувајќи ја пожртвуваноста и посветеноста на своите претходници.

За таа цел Бистрица Миркуловска одлучи дел од својата литература, којашто грижливо ја чуваше во својот дом, како оставина да ја подари на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, како симбол на едно време што ќе го преточи минатото во денешницата и во иднината, со цел на студентите-словенисти и на вљубениците во убавиот збор да им го направи подостапно. Словенечкото катче сега е дел од нашиот Факултет, сместено во Библиотеката за славистика.

А, човекот придолжува да живее не само во срцата на саканите, туку и низ своите дела.

И нашата Бистрица Миркуловска вечно ќе живее во нашите срца, особено преку делата што ги оствари и ги остави зад себе, предвидувајќи ја својата смрт и оставајќи дело со кое повторно ќе нè собере и со кое ќе продолжиме да ја споменуваме, а тоа е нејзината последна збирка песни во ракопис, под наслов „Ангелот од Курбиново“, испраќајќи ни порака дека животот не завршува.

И тоа беше Бистрица Миркуловска, секогаш подготвена да се соочи со предизвиците што ги носи животот, заокружувајќи го својот животен циклус. Затоа, не ме изненади дека во пресрет на своето заминување од овој земен свет го пишува својот **ИН МЕМОРИАМ** во машинопис, како и

песната-хаику **Свеќа** во ракопис, со напишан датум, 21 јули 2024, недела, по полноќ 2:30 ч.

БИСТРИЦА (КРАЊЕЦ) МИРКУЛОВСКА
14.03.1930 (Скопје) - †16.09.2024 (Скопје)
Своерачно напишан ИН МЕМОРИАМ

Смирено исполнувајќи ГОСПОДОВО послушание
ВЕРУВАМ ДЕКА
СМИСЛАТА НА ЖИВОТОТ
Е ДОБРИНАТА, ХУМАНОСТА, ЉУБОВТА,
ВЕРБА – ГОСПОД Е ЉУБОВ ...
ТИВКО ЗАМИНАЛА НАШАТА БИСТРИЦА ...

Денес постхумно ја промовираме книгата под наслов: „АНГЕЛОТ ОД КУРБИНОВО И ДРУГИ СТИХОВИ“, чиј уредник е нејзината ќерка, проф. д-р Милица Анчевски, со што останува вечниот спомен на неа и на сиот нејзин творечки опус и придонес во развојот на словенистиката на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје.

УДК 929Шанова, З.

Максим КАРАНФИЛОВСКИ
Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
mkaranfilovski1@gmail.com

IN MEMORIAM: ЗОЈА ШАНОВА (25.03.1943 – 18.05.2025)

На 18 мај 2025 година во Санкт Петербург почина Зоја Шанова, една од најпознатите руски и светски македонисти. Името и делото на Зоја Кузминична Шанова се многу добро познати во Македонија. Нејзиниот влог и придонес во развојот на македонистиката во Русија и, воопшто, во светот се многу високо оценети. Таа, во секој случај, влегува во редот на најпознатите руски и светски македонисти. Нејзината кандидатска дисертација за адмиративот во современиот македонски јазик и трудовите за глаголскиот систем, прекажаните глаголски форми и функциите на перфектот, како и за функциите на извиците, фразеологизмите, безличните глаголи и безличните глаголски форми во македонскиот јазик и денес не ја имаат загубено својата актуелност и важност.

Сериозен е и нејзиниот придонес во развојот на македонската лексикографија, изразен, главно, преку нејзиното авторско учество во изработката на Македонско-рускиот речник во три тома, издаден во Скопје во 1997 г., со над 1600 страници и на еднотомниот Македонско-руски речник, издаден во Москва во 2003 г., на повеќе од 800 страници. Се работи за дела со трајна вредност за македонистиката, русистиката и за славистиката, воопшто. Посебно значење има тритомниот Македонско-руски речник од 1997 г., изработен од видни руски славистки и македонистки под раководство на академик Рина Усикова. Членови на овој авторски колектив се, покрај Зоја Шанова од Санктпетербуршкиот универзитет, уште Марина А. Поварницина од Перм и Елена В. Верижникова од Москва, обете студентки на македонистичката школа на Рина Усикова во Москва. Овој речник содржи 65000 зборови и фразеологизми и во својот пристап кон современата македонска лексика се одликува со вклучување на голем број фразеологизми, разговорни, дијалектни и архаични зборови застапени во современата македонска литература. При изработката на овој Речник Зоја Шанова ги обработила буквите Б, Г, Е, З, S, J, Л, Љ, Н, О, Ц, Ч, вкупно 12 букви. Со

право овој речник се оценува како фундаментален и со исклучително висок квалитет.

Од искуството здобиено со изработката на Македонско-рускиот речник произлезени се и неколку статии на Зоја Шанова, претставени на неколку научни конференции.

Зоја Шанова има свој придонес и како преведувач на низа македонски писатели (Томе Момировски, Славко Јаневски и други) на руски јазик, со што тие им станале достапни не само на руските читатели, туку и на сите оние што го користат рускиот јазик. Таа е автор и на една рецензија–приказ на преводот од македонски на руски на македонски раскази од Олга Пањкина: Рассказы македонских писателей (2009).

Зоја Шанова има мошне значајна улога во оформувањето на македонистиката на Санктпетербуршкиот универзитет и на богатите плодови што таа ги даде досега и ќе ги дава во иднина. Всушност, Зоја Шанова започнува да го предава македонскиот јазик како втор или трет словенски јазик во рамките на славистичките студии на Катедрата за словенска филологија при Филолошкиот факултет на СПбУ уште во 1981 г., веднаш по одбраната на нејзината дисертација за „Аудитивот во современиот литературен македонскиот јазик“. Тоа истовремено значи и дека Санктпетербуршкиот универзитет е вториот универзитет во рамките на Руската Федерација на кој се изучуваат македонскиот јазик и литература. Претходно таа три пати учествува во работата на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура во 1978, 1979 и 1980 г. во Охрид. Подоцна таа уште неколку пати учествува во работата на Семинарот, и тоа, во годините 1984, 1988, 1989, 2006 и 2015.

Родена е на 25 март 1943 во Сахалинската област на Русија. Дипломирала во специјалноста бугарски јазик и литература во 1965 г. на Филолошкиот факултет на Ленинградскиот државен универзитет „А.А. Жданов“ (денес Санктпетербуршки државен универзитет). По дипломирањето заминала да работи како наставник во средно училиште и во виш институт во градот Петропавловск Камчатски на полуостровот Камчатка. Таму работела и како туристички водич во познатата Долина на гејзерите. Во 1970 г. се вратила во Ленинград и се вработила на Катедрата за словенска филологија на Филолошкиот факултет при Ленинградскиот државен универзитет. Во 1980 ја одбранила својата кандидатска дисертација „Аудитивот во современиот литературен македонскиот јазик“ под раководство на видниот професор Јурij Сергеевич Маслов (1914 – 1990). Во 1988 г. избрана е за доцент и предавала разни теоретски славистички дисциплини за студентите бугаристи и за другите студенти на словенското одделение

на Филолошкиот факултет во Санкт Петербург. Нејзиниот научен интерес главно се задржува на глаголските категории, лексикографијата итн., а била и долгогодишен раководител на преведувачката и педагошката практика на студентите слависти.

Во деведесеттите години на минатиот век таа е еден од иницијаторите за предавање на словенските јазици и култури во средните училишта на Санкт Петербург, што во тоа време била уникатна појава во Русија. Зоја Шанова била научен раководител и составувач на наставните програми и на приручници за словенските јазици и култури за средните школи, потоа, била организатор на конференциите на млади слависти „Дијалог на словенските култури“ за учениците од средните школи и студентите на прва година на Катедрата за словенска филологија на СпбУ. (Славянские языки и культура славян в школах Санкт-Петербурга, 2017).

Како професорка на Катедрата за словенска филологија, таа била ментор на повеќе дипломски, магистерски и докторски трудови посветени на македонскиот јазик, литература и култура. На тој начин таа одигрува клучна улога во формирањето на низа генерации руски македонисти и во етаблирањето на македонскиот јазик, литература и култура во наставните програми и во наставата на руските универзитети. Таа е и автор на наставната програма по македонски јазик за студентите по словенска филологија на СпбУ.

Зоја Шанова редовно учествуваше на Македонско-руските научни конференции, на конференции посветени на делото на Блаже Конески и други научни манифестации, со што даде сериозен придонес во зацврстувањето и негувањето на македонско-руските јазични, литературни и културни врски. Таа неколку пати учествуваше и во работата на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура во Охрид и на неговите Нучни конференции со свои реферати.

Посебно заслужува да се одбележи нејзината кандидатска дисертација „Аудитив в современном литературном македонском языке“, 1980 г. Во врска со оваа тема е и нејзината статија „Аудитив и адмиратив в современном македонском языке“ објавена во Зборникот во чест на Блаже Конески во 1984 г.

Зоја Шанова е и автор на рецензијата-приказ на „Грамматика литературного македонского языка“ од Рина Усикова во реномираниот Вестник Московского Университета (2003), како и на учебникот по македонски јазик за странци од Роза Тасевска „Македонски со/без мака: Курс за почетници“ (2007) СпбУ 2009.

Зоја Шанова, во секој случај, зазема едно од челните места во руската македонистика. Со полно право може да се каже дека е таа основоположник на македонистиката во Санкт Петербург, односно на неговиот универзитет. Нејзиното место во историјата на руската македонистика, а и на македонистиката, воопшто, е трајно врежано на високо место, со извонредни резултати и со голем број свои ученици. Сите тие заедно досега дадоа забележливи и впечатливи резултати, а такви резултати се очекуваат и во иднина.

Зоја Шанова ја сакаше Македонија и имаше многубројни пријатели во Македонија, како меѓу колегите македонисти, така и пошироко. Нејзиното име и нејзиниот ведар лик и добродушната насмевка засекогаш ќе останат во срцата на сите што ја познаваа. Нека ѝ е вечна слава!

УДК 811.161.1(062)
821.161.1(062)

Биљана МИРЧЕВСКА-БОШЕВА
Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
b.mirchevska@flf.ukim.edu.mk

ОСВРТ КОН V МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА „РУСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА: МИНАТО, СЕГАШНОСТ, ИДНИНА“ (11.-13.12.2025 година)

Од 11 до 13 декември 2025 година, во Рускиот центар при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се одржа V Меѓународна научна конференција „Руски јазик, литература и култура: минато, сегашност, иднина“ со која достојно беше одбележан јубилејот – 10 години од основањето на Центарот.

Со својата тематска и научна широчина, интердисциплинарниот пристап и импресивната географија на учесници, оваа конференција се афирмира како важна платформа за меѓународна научна соработка во областа на руската филологија и културологија. Во неа учествуваа 64 истражувачи, универзитетски професори и научници од Македонија, Русија, Србија, Унгарија, Бугарија, Словачка, Турција, Узбекистан и Шпанија кои преку своите излагања понудија современи теориски пристапи, нови научни интерпретации и релевантни истражувачки перспективи во сферата на историските и на современите текови на рускиот јазик, местото на руската литература и култура во светската хуманистичка мисла, како и нивната рецепција во Македонија и во други културни простори.

Конференцијата беше отворена на 11 декември со поздравни обраќања на Биљана Мирчевска-Бошева, директор на Рускиот центар, и на Марина Куновска, раководител на Катедрата за руски јазик при Институтот за руски јазик на РУДН. Потоа Максим Каранфиловски и Ала Шешкен го промовираа Зборникот од IV Меѓународна научна конференција.

Првиот работен ден продолжи со сесијата „Руската култура во светски и регионален контекст. Визуелни уметности, филм, музика и популарна култура во Русија“ тематски фокусирана на традиционалните форми и на

современите интерпретации на културните наративи. Сесијата модерирана од проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска отвори прашања за рецепцијата на руската култура и за нејзините трансформации во различни општествени и историски контексти што резултираше со активна и аргументирана дискусија. Прва настапи Лариса Логунова (Новосибирски државен универзитет) која го разгледа феноменот на современата визуелна култура низ призма на новите формати на артикулација на културните содржини. Според програмата, следно беше излагањето на Ана Фролова (Воронешки државен универзитет) посветено на екранизацијата како механизам за актуализација на книжевниот канон со фокус врз интерпретативните стратегии применети во адаптацијата на повеста „Вам и не снилось“ од Г. Шчербакова. Сесијата продолжи со Жарко Иванов (Институт за македонска литература, УКИМ) кој ја третираше современата руска анимација како релевантен инструмент на интеркултурен дијалог со осврт на нејзината рецепција во рамките на Флипбук Филм Фестивалот. Весна Мојсова-Чепишевска (Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ) се задржа на читањето на руската култура преку патографските и гастрономските наративи, согледувајќи ги како специфични дискурзивни практики на културна репрезентација, додека Владимир Середа (Литературно-уметнички музеј „С. Денисов“) ги разгледуваше патувањата на Сергеј Есенин и на Николај Глазков во Узбекистан како пример за културна интеракција и трансрегионален трансфер на поетски и идеолошки матрици. Ангелина Бановиќ-Марковска (Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ) ја елабораше категоријата празнина како комплексен естетски, идеолошки и егзистенцијален конструкт во творештвото на концептуалниот уметник Иља Кабаков, а Милица Анчевски (Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ) се задржа на култот кон Свети Серафим Саровски во македонски контекст.

Вториот ден од конференцијата започна со пленарните предавања на Валериј Мокиенко (Санктпетербуршки државен универзитет) и Марија Ковшова (Руска академија на науките) кои поставија јасна теоретска и методолошка рамка за понатамошната работа. Во своето излагање, Мокиенко се осврна на руските „камени“ библизми во словенски компаративен контекст, додека Ковшова ја разгледа деривацијата на паремиите и фразеологизмите како значаен јазичен и дискурсивен процес. Во продолжение се одржа сесијата „Од збор кон мудрост: лингвокултуролошки аспекти на фразеолошките и паремиолошките единици“, модерирана од Олга Орлова. Сесијата започна со излагањето на Олга Мешерјакова (Ленинградски државен универзитет „А. С. Пушкин“) која го анализираше значенскиот потенцијал на компонентата што означува боја во состав на фраземите, а по

неа Олга Швецова (Воронешки државен универзитет) се осврна на јазичните средства за изразување помирување во рускиот јазик. Олга Орлова (Руска академија на науките) ги разгледа евфемистичките номинации на животни во руските гатанки, додека Хоу Цзјасин (Руски универзитет за дружба на народите „Патрис Лумумба“) го анализираше концептот „љубомора“ врз материјал од руската проза од XX век. Ивана Стевановиќ (Белградски универзитет) презентираше контрастивна анализа на фраземите со значење „измама“ во рускиот и во српскиот јазик, а Андријана Павлова и Биљана Мирчевска Бошева (Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ и Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ) ги претставија можностите за примена на генеративните модели на вештачка интелигенција во фразеолошките истражувања врз примери од македонскиот и од рускиот јазик.

Во продолжение, сесијата „Културното и интелектуалното наследство на руската емиграција“, модерирана од Наталија Лапаева Ристеска, понуди интердисциплинарен пристап кон истражувањето на руската дијаспора, нејзиното културно присуство и влијание во балканскиот и поширокиот европски простор. Излагањата го опфатија историскиот, книжевниот и културолошкиот аспект на емигрантското искуство отворајќи прашања за транснационалниот трансфер на идеи, културната меморија и индивидуалните творечки биографии. Во оваа сесија свои излагања имаа: Олга Бердникова (Воронешки државен универзитет) која се осврна на историјата на руската емиграција на Балканот преку дневничките записи како специфичен облик на личен и културен наратив, Татјана Голицина (Воронешки државен универзитет) која го анализираше остварувањето на јазичната личност во книжевниот текст како комплексна дискурзивна стратегија, Наталија Лапаева Ристеска (Пермски национален истражувачки политехнички универзитет) која го разгледа значењето на Дубровник и неговата околина во творечката биографија на Игор Северјанин. Елена Певак (Московски државен универзитет „М. В. Ломоносов“) ја претстави личноста и дејноста на М. М. Бренстед (Артемјев) во контекст на руската емигрантска култура и нејзините идеолошки и духовни димензии, а Александра Ѓорѓевиќ (Универзитет во Белград) го истражи македонскиот фолклор како инспиративен извор во работата на руските балетски кореографи во Народниот театар во Белград.

Попладневната програма беше посветена на сесијата „Рецепција на руската литература во други култури. Превод и интерпретација на руските културни кодови. Меѓукултурен дијалог: Русија и Балканот“, модерирана

од Максим Каранфиловски, во чии рамки беа разгледани прашања поврзани со трансферот и реинтерпретацијата на руските културни обрасци во различни јазични и културни средини. Посебен акцент беше ставен врз преводите и улогата на културното посредување во процесите на интеркултурна комуникација. На почетокот Максим Каранфиловски (Филолошки факултет „Блаже Конески“) се осврна на значењето на Зоја Шанова за развојот на македонистиката во Санкт Петербург, истакнувајќи ја нејзината улога во афирмацијата на македонскиот јазик и култура. Потоа Олга Панкина (Македонски културен центар - Москва) го претстави искуството од институционалниот културен дијалог меѓу Русија и Македонија, по повод петнаесетгодишното дејствување на Македонскиот културен центар во Москва. Елена Смолиј и Полина Повалко (Руски универзитет за дружба на народите „Патрис Лумумба“) го анализираа рускиот културен код во комуникативниот простор на интернационален универзитет, а Јулија Атанасовска (Меѓународен славјански универзитет) ја разработуваше разбирливоста на рускиот културен код во интеркултурен контекст. Јасминка Делова-Силјанова (Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ) се осврна на рецепцијата и преводот на руската литература во Македонија, додека Катерина Видова (Меѓународен славјански универзитет) ги анализираше поговорките, клетвите и благословите во романот „Пиреј“ и нивниот превод на руски јазик. Татјана Фед (Нов бугарски универзитет) ја разгледа рецепцијата на романот „Мајсторот и Маргарита“ од М. А. Булгаков во бугарски контекст преку неговите преводи, театарски адаптации и критичка рецепција.

Третиот работен ден започна со сесијата „Историски развој и современи трансформации на рускиот јазик“, модерирана од Марина Панова. Во рамките на сесијата беше одржано пленарното предавање на Галина Кустова (Институт за руски јазик „В. В. Виноградов“ при РАН), која ги разгледа системските врски и функциите на преодните синтаксички конструкции во современиот руски јазик. Во продолжение, Лариса Рацибурскаја и Екатерина Слуњаева (Национален истражувачки Нижегородски државен универзитет „Н. И. Лобачевски“) ги анализираа лексичко-зборообразувачките иновации во текстовите на true crime блоговите, укажувајќи на продуктивноста на современите деривациски модели. Надежда Немцова и Светлана Иљина (Тамбовски државен технички универзитет) ја разгледаа вештачката интелигенција како инструмент на современата комуникација, додека излагањето на Светлана Иљина и Ирина Иванова (Тамбовски државен технички универзитет) беше фокусирано на трансформациите во руската

лексика во актуелната фаза од јазичниот развој, истакнувајќи ги динамичните процеси на лексичка иновација. Марина Панова (Воронешки државен универзитет) ги претстави народните приказни од Воронешкиот регион како релевантен дијалектолошки извор и ја нагласи нивната вредност за истражување на регионалните јазични особености. Лариса Демина (Руски универзитет за дружба на народите „Патрис Лумумба“) презентираше компаративна анализа на книжевниот превод врз основа на романот „Тутун“ од Димитар Димов, а Балаж Палинкаш (Универзитет „Лоранд Етвеш“) се осврна на една неканонска форма на пасив, разгледувајќи ја нејзината граматичка и функционална специфика во современиот јазик.

Во продолжение, сесијата „Современа руска литература: теми, жанрови, тенденции“, модерирана од Светлана Овсянникова, беше посветена на анализата на современите литературни текови, жанровската динамика и интертекстуалните практики во руската литература. Љубомир Гузи (Прешовски универзитет) го разгледа трговското мислење и секојдневието во романот „Китај-город“ од П. Д. Боборикин, во споредба со нивната репрезентација во современата руска литература. Наталија Фатеева и Зоја Петрова (Институт за руски јазик „В. В. Виноградов“ при РАН) ги анализираа типовите на меѓутекстовна интеракција во современата руска проза, нагласувајќи ја нивната структурна и семантичка комплексност. Светлана Овсјаникова (Московски меѓународен универзитет) се осврна на односот автор–лик во романот „Саша, привет!“ од Дмитриј Данилов, Ксенија Шнол (Северозападен државен медицински универзитет „И. И. Мечников“) го разгледа жанровото своеобразие на поезијата на Максим Амелин во релација со поетската традиција на XVIII век, а Марија Ларина и Михаел Кун (Руски универзитет за дружба на народите „Патрис Лумумба“) ја анализираа современата рускојазична автофикција, со посебен осврт на т.н. „проза на триесетгодишните“ и нејзините тематско-идејни определби.

Во втората сесија со ист наслов, фокусот беше ставен врз теориските аспекти на современата руска литература и нејзините релации со книжевната традиција. Викторија Моисеева (Московски државен универзитет „М. В. Ломоносов“) ја анализираше улогата и функцијата на документот во рамките на реалистичкиот и постмодернистичкиот дискурс, Мелина Панаотовиќ (Универзитет во Нови Сад) ја разгледа современата руска проза во однос на традициите на руската авангарда, преку примерот на делото „Одделение“ од Ј. Жидченко, Елена Жујкова (Московски државен универзитет „М. В. Ломоносов“, ВГИК „С. А. Герасимов“) ги истражи моделите

на „херојот на епохата на деведесеттите“ во современата литература, а Драгана Момиров (Универзитет во Нови Сад) ја анализираше симболиката на анималистичките слики во расказите на А. Платонов од 1920-тите години.

Конференцијата продолжи со сесијата „Методика на наставата по руски како странски јазик: нови пристапи и иновации“, модерирана од Јулија Мареева, во чии рамки беа презентирани современи дидактички модели, методолошки решенија и практични искуства од различни образовни контексти. Посебен акцент беше ставен врз интеграцијата на лингвистичките и културолошките аспекти во наставниот процес, како и врз развојот на комуникативните компетенции. Ирина Георгиева (Нов бугарски универзитет) се осврна на значењето на колокациите во процесот на учење странски јазици како важен елемент на лексичката компетенција, Шахноза Бахриева (Самаркандски државен универзитет „Ш. Рашидов“) ја анализираше методиката на наставата по руски како странски јазик низ призма на иновативни пристапи и културна медијативност, а Ирина Машенкова (Самаркандски државен универзитет „Ш. Рашидов“; Тамбовски државен универзитет „Г. Р. Державин“) го разгледа уметничкиот текст како почетен инструмент во усвојувањето на рускиот јазик. Јулија Мареева (Московски државен универзитет „М. В. Ломоносов“) ја претстави улогата на педагошките содржини во наставата со странски студенти на почетно ниво, додека Ана Попкова (Филолошки факулет „Блаже Конески“, УКИМ; Московски државен универзитет „М. В. Ломоносов“) ја анализираше јазичната интерференција при усвојувањето на генитивот кај македонските студенти, укажувајќи на типичните грешки и на можните методички решенија.

Завршната сесија, насловена „Контрастивна и компаративна анализа на рускиот и на другите јазици“, модерирана од Михајло Марковиќ, беше посветена на споредбените лингвистички истражувања и интерјазичните релации, со што дополнително се нагласи интердисциплинарниот и меѓународниот карактер на конференцијата. Олга Григорјевска (Кримски федерален универзитет „В. И. Вернадски“) го анализираше функционирањето на прагматонимите од германско потекло во рускојазична средина, Олга Пироженко (Универзитет во Валенсија) ги разгледа рускиот и шпанскиот јазик во контекст на меѓукултурниот дијалог истакнувајќи ги нивните комуникациски и културни пресекувања. Михајло Марковиќ и Соња Новотни (Универзитет во Тетово) презентираа анализа на избрани македонски средновековни ракописи што се чуваат во Русија, а Олга Далкилич и Арина Беридзе (Универзитет Ерџиес) го истражија рускиот суфикс -к(а) во грузиските и ерменските продуктивни зборообразувачки модели од семантички и социолингвистички аспект.

Конференцијата беше свечено затворена на 13 декември 2025 година. Како генерален заклучок беше констатирано дека излагањата беа од висок научен квалитет, беа споделени значајни резултати од нови истражувања, предвидените сесии создадоа можност не само за размена на научни резултати, туку и за развивање на нови заеднички проекти, вмрежување и градење идни партнерства, а обемните и плодни дискусии го потврдија значењето на ваквите научни средби како простор за дијалог, соработка и понатамошен развој на филолошките и културолошките истражувања.

Овој научен собир, кој со текот на годините полека се трансформира во традиција и станува препознатливо место на академската карта на регионот, е резултат на континуираните напори што ги вложува Рускиот центар, со поддршка од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и од Амбасадата на Руската Федерација во Скопје.

УДК 811.163.6’243

Gjoko NIKOLOVSKI
Filozofska fakulteta
Univerza v Mariboru
gjoko.nikolovski@um.si

ČETRTA POLETNA ŠOLA SLOVENSKEGA JEZIKA KOT DRUGEGA IN TUJEGA JEZIKA *SLOVENŠČINA NA PRVI POGLED*

Poletna šola slovenskega jezika kot drugega in tujega jezika *Slovenščina na prvi pogled*, ki poteka v okviru mreže CEEPUS *Slavic Philology and its Cultural Contexts*, je ena izmed osrednjih poletnih šol Filozofske fakultete Univerze v Mariboru, ki jo financirata Center Republike Slovenije za mobilnost in evropske programe izobraževanja in usposabljanja – CMEPIUS ter Univerza v Mariboru. Vsako leto ob koncu avgusta in v začetku septembra gosti udeleženke in udeležence s fakultet iz srednje, vzhodne in jugovzhodne Evrope, ki so članice programa CEEPUS.

Četrta izvedba poletne šole, ki je potekala med 25. avgustom in 5. septembrom 2025, je gostila udeleženke in udeležence iz Bosne in Hercegovine, Češke, Črne gore, Hrvaške, Madžarske, Poljske, Severne Makedonije, Slovaške in Srbije, ki so se šole udeležili z namenom poglabljanja svojega znanja s področja slovenskega jezika, književnosti in kulture ter ustvarjanja pristnega stika s slovensko družbo.

Program poletne šole je bil zasnovan tako, da je zajemal dopoldanski del z lektorskimi vajami in konverzacijo v slovenščini (od 9.00 do 12.00) ter popoldanski del, namenjen slovenističnim in slavističnim predavanjem ter fonetičnim in lektorskim delavnicam (od 13.30 do 15.30). Takšna zasnova je sledila glavnemu cilju poletne šole – udeleženkam in udeležencem posredovati najnovejša spoznanja o slovenskem jeziku, književnosti in kulturi ter jim omogočiti poglobitev jezikovnega in strokovnega znanja. Popoldansko-večerne aktivnosti (voden ogled Maribora, obisk Univerzitetne knjižnice, pohod na mariborsko Piramido, filmski večer) in strokovna ekskurzija na Ptuj so kot neformalni del dogajanja dodatno prispevale k sproščenemu spoznavanju slovenskega vsakdana, kulturnega utripa in zgodovinske dediščine obiskanih krajev.

Na otvoritveni slovesnosti poletne šole, ki je potekala 25. avgusta 2025, so udeleženke in udeležence pozdravili ter jim izrekli dobrodošlico in želje po uspešnem učenju dr. Joca Zurc, prodekanica za mednarodno dejavnost in promocijo Filozofske fakultete, dr. Blanka Bošnjak, predstojnica Oddelka za slovanske jezike in književnosti, in dr. Gjoko Nikolovski, vodja poletne šole. Na otvoritvi so udeleženke in udeleženci prejeli darilne vrečke z učnim gradivom, po otvoritvi pa so sledile razdelitev udeleženk in udeležencev v skupine ter prve lektorske in konverzacijske ure slovenščine.

Prvo sekcijo popoldanskih slavističnih predavanj (26. 8. 2025) je odprl dr. Matej Šekli s Filozofske fakultete Univerze v Ljubljani s predavanjem *Slovenski jezik med slovanskimi jeziki*, v okviru katerega je skozi prizmo genealoškega, tipološkega in družbenostnega jezikoslovja prikazal položaj slovenskega jezika v odnosu do drugih slovanskih jezikov. Predavateljsko sekcijo je zaokrožila dr. Melita Zemljak Jontes s predavanjem o slovenski fonetiki, in sicer kot uvod v fonetične delavnice, ki so potekale v prvem tednu poletne šole med 14.30 in 15.30. Prvi dan poletne šole se je zaključil s spoznavnim večerom v organizaciji ESN Maribor.

Drugo slavistično predavanje z naslovom *Slovensko-ukrajinski literarni stiki*, ki je potekalo 26. avgusta 2025, je za udeleženke in udeležence poletne šole pripravila dr. Janja Vollmaier Lubej. V okviru predavanja je med drugim osvetlila prevajalske vezi med obema jezikoma. Fonetična delavnica je zaokrožila popoldanski del drugega dneva. Ob koncu dneva so se udeleženke in udeleženci udeležili vodenega ogleda Maribora ter se seznanili z mariborsko zgodovino.

Osrednje predavanje tretjega dneva (27. 8. 2025) je imela dr. Mojca Smolej s Filozofske fakultete Univerze v Ljubljani, ki je predavala o besednem redu v slovenskem jeziku s poudarkom na členitvi po aktualnosti, kar je bilo za udeleženke in udeležence poletne šole s stališča izpopolnjevanja znanja zelo koristno. Temu so sledile fonetična delavnica in dodatne konverzacijske vaje s študentkami in študenti mariborske slovensitike.

V četrtkovi predavateljski sekciji (28. 8. 2025) je nastopila gostujoča predavateljica dr. Biljana Babić s Filološke fakultete Univerze v Banjaluki, ki je predavala o Sloveniji in slovenskih motivih v Koledarju SPKD Prosvjeta (1905–1947). Četrtkov popoldanski program se je zaključil s četrto fonetično delavnico in z dodatnimi urami konverzacije v slovenščini. Priložnost za odklop od jezikovnega pouka so udeleženke in udeleženci imeli v okviru pohoda na mariborsko Piramido, kjer so imeli možnost za neformalno druženje.

Prvi teden slavističnih predavanj je zaokrožila prevajalka in tolmačka dr. Natalija Orlić s petkovim predavanjem o skupnostnem tolmačenju v praksi (29. 8. 2025), s katerim je udeleženkam in udeležencem, ki razmišljajo o poklicu na

področju tolmačenja, prikazala izzive, s katerimi se soočajo tolmačke in tolmači. Peta fonetična delavnica dr. Melite Zemljak Jontes in konverzacijske vaje so zaokrožile prvi teden jezikovnega pouka.

Osrednji dogodek prvega tedna je bila sobotna celodnevna ekskurzija na Ptuj (30. 8. 2025), v okviru katere so udeleženke in udeleženci imeli voden ogled Ptuja, voden ogled Ptujskega gradu, kosilo in čas za samostojne oglede ter raziskovanje najstarejšega mesta na Slovenskem. Nedelja je bila prosta, saj so si udeleženke in udeleženci zaslužili možnost za samostojne izlete po Sloveniji.

Dopoldanski program drugega tedna se ni razlikoval od tistega v prvem tednu, predavateljske sekcije pa so ponudile pet novih slavističnih predavanj. Ponedeljkovo sekcijo drugega tedna (1. 9. 2025) je odprl Darko Matovac s Filozofske fakultete Univerze v Zagrebu s predavanjem o distribuciji predlogov *v* in *na* s kognitivnega vidika, pri čemer se je odprla možnost za primerjavo distribucije predlogov v drugih slovanskih jezikih. Predavanju so sledile lektorska delavnica dr. Branislave Vičar za najvišjo skupino, ki je udeleženke in udeležence seznanila z osnovami lektoriranja na primeru izbranih besedil, in konverzacijske vaje za nižje skupine.

V torkovi sekciji (2. 9. 2025) je nastopila dr. Varja Balžalorsky Antić s predavanjem Poezija Saše Vegri in njeni odmevi pri sodobnih slovenskih pesnicah, s čimer je udeleženkam in udeležencem podala vpogled v življenje in delo slovenske pesnice Saše Vegri. Torkovo sekcijo so zaokrožile druga lektorska delavnica dr. Branislave Vičar in konverzacijske vaje s študentkami in študenti mariborske slovenistike.

V sredo, 3. 9. 2025, je v okviru predavateljske sekcije predaval gostujoči predavatelj dr. Željko Marković s Filozofske fakultete Univerze v Novem Sadu, ki je predstavil vzorčne položaje in glagole vidnega zaznavanja v slovenščini in srbščini, kar je udeleženkam in udeležencem odprlo možnost za primerjavo z glagoli v njihovih prvih jezikih.

Četrtkova predavateljska sekcija (4. 9. 2025) je kot zadnja na programu ponudila dve predavanji, in sicer predavanje o konceptualizaciji smrti v južnoslovanskih jezikih, ki ga je pripravila dr. Biljana Mirčevska Boševa, in predavanje o prevodnih težavah v slovanskih jezikih dr. Lidije Tanuševske, obe s Filološke fakultete Univerze v Skopju.

Zadnji dan poletne šole, 5. 9. 2025, je bil namenjen zaključnim pisnim preizkusom in ustnim predstavitvam, na katerih so udeleženke in udeleženci pokazali svoje izpopolnjeno znanje slovenščine, ter evalvaciji poletne šole na portalu CEEPUS. Uradni zaključek dogodka je zajemal podelitev certifikatov, skupinsko fotografiranje in sproščeno druženje, kjer so udeleženci delili svoje vtise.

Mariborska Poletna šola slovenskega jezika kot drugega in tujega jezika *Slovenščina na prvi pogled*, ki je bila ustanovljena leta 2022, že štiri leta aktivno spodbuja in širi poznavanje slovenskega jezika, književnosti in kulture med tujimi študentkami in študenti slovenistike ter slavistike. Je eden ključnih dogodkov mariborske slovenistike in Filozofske fakultete UM, saj je tudi zadnja izvedba šole pritegnila udeležence iz držav srednje, vzhodne in jugovzhodne Evrope, ki so želeli poglobiti svoje znanje o slovenskem jeziku, literaturi in kulturi. Glede na vsakoletno naraščajoče zanimanje in številčno udeležbo lahko sklepamo, da poletna šola ponuja kakovostne vsebine, ki med udeleženci ohranjajo in krepijo zanimanje ter ljubezen do slovenščine.

УДК 821.162.1-1

ПОЕЗИЈА: Јежи ЈАРЊЕВИЧ

УТРОТО ПО РЕВОЛУЦИЈАТА

Другиот, новиот ден, а лисјата, октомвриски закрвавени,
ќе се наросуваат и ќе мирисаат од нашата ноќна пот,
ќе се разбудиш покрај мене и ќе речеш: „Добар леб“.
„Добар леб“, ќе одговорам.

Ќе го земам твоето име, твоето име
ќе ме прими, без прашање. Ќе ги земеш
панталоните мои, а јас од тебе блузата. Ќе ги симнеме
клучевите од вратот и ќе тргнеме како еден
на спротивни страни. По нас ќе остане љубовта
плус електрификацијата.

ЕКВАТОРСКИ ПРОВЕВ ВО АВГУСТОВСКИ КРАКОВ

Сонцето само што изгреа, но кадарот е толку дречлив, па, да ги
засолниме очите,
иако во собата нема никој. Ни движење, впрочем. Само провевот,
што
не се гледа бидејќи речиси и го нема, ги дуе завесите.
Набабруваат, издишуваат, набабруваат, и сè така, поспано.

И ти не се гледаш, но кога, кога само
не би бил тука, тишината во отворените прозорци
би ја немало, а ја има, за она што се случи таа ноќ, а по кое остана
дишењето на завесите во мугрите, моето вдиши, издиши,
вдиши, издиши, вдиши.

ЉУБОВНА ПРИКАЗНА

За шетањето на судијата по пижами и влечки
низ центарот на Варшава во четири наутро,
ако уште не знам, ќе дознаам
од твитер. Дека бил натрескан. Дека спиел
кај љубовникот, со кој се скарал,
а потоа полугол истрчал на улица. Градот,
тој не спие, тој има едно око,
видел како на големото момче
му бега граничникот и му се тресат под влечките
бекатонските плочки.

А тоа дека во приближно време
истрчав од креветот право на истите улици,
дека приседнавме на прагот на затвореното кино,
јас и судијата во папучи, судијата и јас во пижами,
чекајќи да дојдат со нас да се спријателат
од четирите страни на поделената земја
уличните кучиња, може да е
само сон, привид, измама,
идеја за песна –
избери си сам. Кој и да си, твојот избор
на ништо не те обврзува:
ова е љубовна приказна. А градот, тој
има едно око, тоа гледа понатаму.

препев од полски јазик: Лидија ТАНУШЕВСКА

Јежи Јарњевич е полски поет, преведувач, книжевник, универзитетски професор. Роден е на 4 мај 1958 г. во Лович, во близината на Лоѓ, Полска. Завршил англистика и филозофија на Лоѓскиот Универзитет, со кој до денес е поврзан како предавач во Институтот за англистика. Научното звање професор го стекнал во 2015 г. Освен со академската кариера, се занимава и со книжевен превод. Ги превел, меѓу другите, Филип Рот, Рејмонд Карвер и Џејмс Џојс. Во 2022 г. ја освоил книжевната награда „Ника“ за збирката *Мондо Кане.* Лауреат е и на повеќе други книжевни награди.